СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 1996 година

Скопје, август 1996 година

**ПЕДЕСЕТТА (50) СЕДНИЦА - V продолжение 27.VIII.1996 год.**


1. АБДИ ФАИК 18, 41, 42, 44
2. АРСОВСКИ БРАНКО34, 36, 38
3. БАЈРАМ АМДИ 21, 23, 24
4. БЕЏЕТИ АБДУМЕНАФ (МИНИСТЕР) 84, 87
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ 13, 79, 82
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 55,58
7. ЗИБЕРИ НАСЕР (министер) 9
8. КОТЕВСКИ СЛАВКО 78
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ 89
10. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО 67
11. МАЛИНСКА ПЕРСИДА 17
12. МАЛИЌИ НАЗМИ 85
13. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 4, 6, 26, 32, 33
14. НИКОЛОВ ЈОВАН 20
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
16. ПАРАЃЕОВ НИКОЛА (министер) 5, 18, 31, 51
17. ПОПОВСКИ ВЛАДО73, 74, 75
18. ПЕЦОВ МИРКО 85
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 44, 54
20. СТОЈАНОВСКИ БЛАГОЈА 59
21. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 70, 73
22. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 76
23. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 84
24. ТАНТАРОВ ВЕЉО 7, 10, 11, 61, 66
25. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ (министер) 16, 37, 82
26. ТРАЈКОВ МИЛЧО 17, 76
27. ТОДОРОВА СОФИЈА (министер) 20, 25, 40, 53, 56, 67, 77, 87
28. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 68
29. УНИКОВСКИ СЛОБОДАН (министер) 53, 87
30. ФИТИ ТАКИ (министер) 48
31. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА (министер) 53, 88
32. ХАСИПИ КЕНАН 12
33. ЧАПОВ СЛАВЧО 7
34. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР 61
35. ШУНДОВСКИ ЈОРГО (министер) 11, 26, 30, 52, 66

Т.23 (лигавка и шап) - стр.1
Т.24-стр.2 -Инф.-кривични дела
Т.8-стр,2 -З.за угост.и тур,дејн.
ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА - стр.3


-КРАЈ-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 август 1996 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го отворам Петтото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева, Здравко Стојковски, Ратка Куљан - Зографска, Димче Настоски, Пеце Стојановски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Николина Трајановска и Санде Џамбазовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со 23-та точка од Педесеттата седница - Информација за состојбата со лигавка и шап во Република Македонија.

Претресот по Информацијата е заклучен.

Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во кој е содржан Предлогот на заклучокот и Предлогот за дополнување на Предлогот на заклучокот поднесен од пратениците Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага ви се поделени.

Предлогот за дополнување на Предлогот на заклучокот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на точката 3 за додаваше на нова алинеја по алинеја 2, поднесен од пратениците Ризван Сулејмани, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за дополнување на заклучокот, молам да крене рака? (1 пратеник гласаше за).

Констатирам дека предлогот за дополнување на заклучокот не е усвоен.

Предлогот на заклучокот содржан во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на заклучокот, молам да крене рака? (56 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 24 - Информација за преземените мерки за спречување на вршење на кривични дела против службената должност во средните училишта во Република Македонија.

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (26 пратеници).

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Бидејќи сега останува уште последната точка пратенички прашања, предлагам пауза, бидејќи министрите се известени со оваа точка дека ќе почнеме во 12 часот.

(Пауза до 12 часот).

(По паузата).

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Назми Маљичи, Драган Горгиев, Бранко Арсовски, Љубомир Чадиковски, Зоран Шауприќ, Милчо Трајков, Димитар Трпеновски, Аце Коцевски, Илија Каров, Панчо Минов, Хисен Рамадани, Јован Лазаров, Јордан Божиновски, Стојче Ковачевски, Вељо Тантаров, Борис Костаќев, Сејфедин Харуни, Кире Видимче, Александар Јакимовски, Персида Малинска, Слободан Најдовски, Благоја Стојковски, Сали Рамадани, Руфи Османи, Бранирод Михајловски, Здравко Стојковски, Тодосија Паунов, Томислав Стојановски, Фаик Абди, Владимир Соколовски, Хисни Шаќири, Зеќир Кадриу, Димче Настоски, Кенан Хасипи, Славчо Чапов, Санде Давчев, Владимир Станковски и Драган Митевски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,имено доста одамна на една од седниците имав поставено прашање во врска со откупот на пченицата од минатата година од 1995 година и помеѓу другото прашањето се состоеше дека на земјоделците наместо заштитната цена која што беше одредена со Одлука на Владата од 10 денари и плус 2 денари премија им е исплатена посебно во општина Битола 9 денари и плус 2 денари премија. Прашањето се состоеше, зошто е така исплатена и се бараше динамика од страна на стоковите резерви како ги преземале количините на пченица и како ја вршеле исплатата за да се добие и слика како се тие пари излезени од буџетот на државата и кога се стигнати до земјоделците, со образложение дека тогаш се сомневав дека навремено им е исплатена. И зошто им е скратен по еден денар за килограм пченица? И според она што е изнесено и во одговорот на прашањето и според податоците со кои што јас располагам се работи некаде за околу 30 илјади тони, се работи за сума од 1 милион германски марки. Во одговорот на прашањето од страна на потпретседателот на Владата и министер за стопанство господинот Беќир Жута е тврдено прво дека сум изнел неточен податок, дека на земјоделците им е платено 9 денари по килограм и плус 2 денари премија, тоа на покултурен начин е речено дека јас навистина сум лажел при изнесување на овој податок. Па затоа како дополнително прашање и како едно укажување до Владата, Слободно во рамките на соработката која што си ја имаат помеѓу своите министерства нека проверат во Министерството за правда и нека побараат да видат колку земјоделци од Битола имаат поднесено тужба и дека навистина им е скратен по еден денар. Само од село Егри има преку 50 земјоделци кои што имаат поднесено тужба, но до ден денес

таа не е излезена каде што тие си го бараат тој денар кој што им е земен при откупот на пченицата. Што значи дека не е, да не бидам и јас вулгарен како што ми е одговорот овде дека изнесувам неточни податоци, туку јас тврдам и понатаму дека еден денар од килограм пченица, или преку милион марки лани на земјоделците од општина Битола им се земени. Тоа слободно можат да го проверат надлежните во Владата.

И втора работа, нека стане било кој претставник од Владата уште еднаш нека потврди ова што овде е речено дека на производителите им е исплатена пченица по 10 денари и плус 2 денари премија. Сигурно тие знаат дека и Здружението на земјоделците од Битола има поднесено тужба и дека голем број на земјоделци имаат под несено тужба и по приватен основ. И тврдам и понатаму дека на земјоделците им е земен по еден денар. Што значи дека не сум задоволен од овој одговор и барам Владата точно да одговори на вториот дел со која динамика стоковите резерви ја преземаа пченицата и со која динамика вршеа исплата?

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека одговорот кој што е добиен на прашањето иако е упатено до Министерството за стопанство, односно до државните резерви е сосе- ма точно. Точно е тоа дека е исплатено по 10 денари, меѓутоа со Одлуката на Владата, или на Парламент, не ме држите за збор во тој дел преземањето на пченицата е франко силос во откупната организација. Со оглед на тоа што овде е работено, пченицата е откупена од кооперанти во Битола кои што имаат условни трошоци за превоз и за чуваше земјоделците имаат потпишано изјави дека се согласуваат да отстапат еден денар од цената за да се покријат тие условни трошоци. Инаку од Владата е исплатено 10 денари.

I/6.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа и почитуван министре, Одлуката е на Владата, не е на Парламент и тука да се разјасниме дека Одлуката за заштитната цена ја носи Владата на Република Македонија, а не Парламентот.

Втора работа која што е, точно е дека дел од земјоделците имаат потпишано изјава, затоа што немаше да им биде откупена пченицата и трета работа, која што треба да ја знаете, земјоделците кои што ја носеа пченицата во "Жито-Битола" во Млинот беа приморани да ја дадат, на сметката да пишува коопeранти, што значи дека кооперанти при тоа не направи трошок за транспорт за да дојде до "Жито-Битола" пченицата, а со оглед на тоа што пченицата е откупена за сметка на стоковите резерви што значи дека тогаш мора и по закон и по одлука на Влада да им биде исплатено по 12 денари затоа што веќе тогаш влегува, стапува во сила заштитната цена за откуп на пченицата. Тоа е за сметка на државата. Друго е прашањето ако некој сакаше на откупувач да му ја даде од земјоделците, тогаш си одеа со договор помеѓу откупувачот и оној што ја продава пченицацата. Но во овој случај се работи за пченица која што е целокупно преземена за стоковите резерви на државата. Што значи дека како вишок кој што се појавил на пазарот го презела државата и тогаш мора законски да важи заштитната цена од 10 денари и плус 2 денари премија. Што значи дека не е точно тврдењето дека се тие за транспортни трошоци. Никој не бара транспортни трошоци, затоа што земјоделците си ја носија до откупното место, не бараат за тоа транспортни трошоци. И сметам дека тука е направена, да не бидам многу вулгарен, но толку се изманипулирани и им се земени парите на земјоделците.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Делумно сум задоволен од одговорот бидејќи не ми е одговорено на целото прашање. Наиме се однесува за стечајните претпријатија воопшто не е одговорено за периодот на стечај, воопшто не е одговорено за начинот на трансформација, т.е. приватизација на стечајните претпријатија кој го избира моделот и ингеренциите на локалната самоуправа. Само е дадено за објаснувањето за времетраењето на стечајот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи барате дополнително прашање на вториот дел да се одговори.

Го молам претставникот на Владата да одговори.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Бидејќи министерот одговорен за оваа проблематика не е тука, јас можам само да кажам дека ќе биде одговорено и на другиот дел на кој што не сте задоволни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Чапов дали се согласувате?

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Се согласувам.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници јас имав поставено повеќе пратенички прашања, меѓутоа добив одговор само на четири.

Прво, одговорот што е доставен, односно обезбеден од Министерството за труд и социјална политика а се однесува на прашањето зошто се прекинати наплатите на придонесите за

доброволно пензиско осигурување на земјоделците. Ми е одговорено дека земјоделците примаат пензии и друго ништо. Мислам дека администрацијата на ова министерство треба да знае дека во 1983 година е воведено доброволно пензиско осигуруваше на земјоделците. Ова осигурување го плаќаат 13 години и сега на прагот кога требаше некои од земјоделците да го оствари правото на пензија тоа осигурување преку ноќ престана да функционира. Прашувам кој ќе им ги врати на земјоделците тие придонеси што ги плаќаа 13 години? И дали ќе продолжи ова пензиско осигурување?

За министерот Шундовски имав поставено прашање: Кога ќе почне да се гради водоводот спрема меѓата со Грција кај Меџитлија. Јас добив одговор во кој се вели дека во изминативе две, три години за овој водовод се вложуваат некои средства, меѓутоа не се кажува кога ќе почне да се гради. Јас барам министерот Шундовски да каже официјално кога ќе почне да се гради овој водовод. И нели е срамота за нашава држава на овој премин за потребите на Армијата, за царината, за војската и околните села сеуште да нема вода за пиење.

До министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поставувам прашање: Каква ќе биде судбината за плаќање на водниот надоместок на земјоделците откако Уставниот суд на Македонија укина дваесетина членови од Законот за води, меѓу кои и член 140 со кој што се регулираа односите како и на кој начин се одредува овој воден надоместок на земјоделците. Одговорот на пратеничкото прашање е многу беден и вели дека Уставниот суд точно така го укина овој член, меѓутоа делумно го укина. Одлуката на Уставниот суд е јасна, вели: се укинуваат членовите тие и тие и член 140. Значи, не е делумно укинат овој член. Прашувам дополнително дали земјоделците треба да плаќаат одводнување, или не и некој од Владата мора да каже што понатаму со оваа одлука, односно со тоа што сега и понатаму се бара да се плаќа

воден надоместок посебно за Пелагонија која годинава настрада катастрофално од овие води.

И на крајот, јас во повеќе наврати минатата година барав Владата да каже како е дозволен на 8 ноември 1995 година односно на Митровден увоз на 5 илјади вагони пченица. На ова прашање во изминативе 10 месеци ни одговори министерот за земјоделство бившиот, министерот за стопанство и денес ни одговара министерот за надворешни работи Фрчковски, кој кажува дека со таа фамозна одлука од 8 ноември 1995 година не се однесува за увоз на пченица, туку за увоз за некои други стоки. Јас би го потсетил министерот Фрчковски да види дека таа одлука се однесува исклучиво за увоз на пченица. Значи дополнително барам да се каже званично дали се увезени овие 5 илјади вагони пченица, или не се увезени. Знаете дека тој увоз имаше и доста негативен одраз на годинашното производство на пченица

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе одговори на овие прашања?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ќе одговорам само на првото прашање кое се однесуваше на моето министерство.

Прво, една корекција. Првпат систем на пензиско инвалидско осигурување за земјоделците, индивидуалните земјоделци е воведен 1978 година, а не 1983 година. Со овој закон меѓу другото беше предвидена можноста индивидуалните земјоделци да остваруваат пензија, старосна пензија и тоа по истекот на една година откако ќе бидат осигурени. Таквиот начин на можност добивање право на пензиско инвалидско осигурување и остварување право на пензија не обезбеди доволно средства за да може фондот за пензиско и инвалидско осигурување да ги подмирува обврските согласно законското решение.

I/10.-

Од тие причини во 1989 година со измените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување оваа категорија на осигуреници индивидуални земјоделци се воведени во редовниот систем на пензиско инвалидско осигурување под еднакви права и обврски како сите други граѓани кои имаат такви права согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Согласно новите решенија си течат правата на сите осигуреници, односно обврзници и според податоците со кои располага Фондот за пензиско инвалидско осигурување до февруари 1996 година право на пензија оствариле 12.947 индивидуални земјоделци, од кои 10.385 се старосни, а 801 инвалидски и 1761 се семејни пензии. Од тие причини јас не знам сега од каде констатацијата дека се прекинува некое право. Правото само е трансформирано согласно новите услови за да можат да се обезбедуваат средства за да тие истите се исплатуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да не водиме расправа, доколку има дополнително прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Мислам сепак дека станува збор за некое недоразбирање околу тумачењето на ова прашање. Точно е тоа како што рече министерот дека 1978 година е воведено старосно осигурување на земјоделците и по ова осигурување денес како што ни кажа министерот околу 3.000 земјоделци земаат пензија од 2.000 денари што не стигнува да си купат ортоми за бесење.

II/1.-РД/0М

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Меѓутоа , во рамките на 1983 година со осигурување е воведено доброволно пензиско осигурување. Ова доброволно пензиско осигурување земјоделците го плаќаа 13 години. Сега е прекинато. Немаат решенија. Прашувам зошто?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во писмена форма ќе се одговори како дополнително прашање.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

На прашањето кога ќе отпочне изградбата на водоводот за граничниот премин Меџитлија, можам да кажам дека неколку години наназад од средствата за изградба на водоводи, од министерството се одобруваа средства на овој, би рекол, регионален водовод. Регионален е затоа што снабдева попатно десетина села во Пелагонија. За целокуп-ната изградба на овој водоводен систем потребни се повеќе од милион и седумсто илјади марки, а средствата кои се сумирани досега, или инкасирани по однос на средства кои се доделуваат од Министерството се собрани онолку колку што се за отпочнување на работите. Во текот на оваа година во разделот за водоводи во ставката за средствата за битолска општина, предвидени се 2 милиони денари за изградба на овој водоводен систем. Ако се има предвид дека уште толку се собрани од неколку години наназад, очигледно е дека средствата се многу малку да започне конечна реализација на овој водоводен систем. Но иако тоа е така во текот на оваа година за онолку средства колку што е собрано ќе започне реализација и отпочнување на поставување на водоводни цевки до некаде од овој водоводен систем. Се надевам дека подоцна во

ставката за водоводи , или подоцна со некој други издвојувања, за овој граничен премин ќе се издвојат поголеми средства да може да отпочне реализацијата на самиот водоводен систем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Малам, дали има уште некој во врска со пратеничките прашања?

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Во врска со водениот надоместок, накнадно писмено ќе го известиме пратеникот.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, почитувани министри. На седницата на Собранието на 29.о5.1996 година, поставив пратеничко прашање, кое што прашање беше составено од два дела, односно адресирано кон две министерства. Денес добив одговор на првиот дел од прашањето кое што беше насочено кон Министерството за внатрешни работи, кое што е коректно пренесено и на кое што е одговорено.

Вториот дел од прашањето кое се однесување до Министерството за култура, на тоа не ми е одоговорено, па би искористил само да го повторам како гласеше вториот дел од прашањето. Вели вториот дел од прашањето се однесува дали Министерството за култура одвоило или ќе одвои одредени финансиски средства за реконструкција на изгорениот објект, дотолку повеќе што објектот преставува килтурно - историска вредност кој што датира од 17 век и е ставен од 1946 година наваму под заштита на државата.

Претпочитам писмен одговор.

II/3.-

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги на 47-та седница поставив прашање во врска со работата на дискотеките и клубовите каде што се движат младите и добив одговор од Владата во кое стојат фактографски податоци за извршени контроли и евентуални казнувања. За жал во одговорот никаде не добив информација дали тенденцијата која постои кај младите, не само во Битола, туку во цела Македонија, за се поголемо излегување во доцните ноќи, да не речам во утринските часови, стивнува или се зголемува. Јас можам да кажам дека се зголемува и затоа прашувам дополнително дали Владата го има разгледувано овој проблем, велам дека сепак е многу голем проблем младите се повеќе што излегуваат после 22,00 часот и 12,00 часот , а се враќаат во раните утрински или доцните утрински часови, односно им се пореметува цел животен циклус, дали Владата овој проблем го има разгледувано на некоја своја седница и дали има нешто заклучено. Односно ако го има веќе разгледувано што одлучила и што предлага конкретно оваа работа полека да се запре.

Второ прашање кое што сум го поставил и на кое добив одговор се однесува на огласот објавен во Нова Македонија по повод конкурсот за прибирање на писмени понуди за добивање на ентериерски работи.

Одговорот што го добив од Владата е фактографски, без суштински податоци, односно никаде не видов зошто и по која основа, Комисијата која е формирана за оваа работа од Владата претпоставувам вржи избор. Имено, со конкурсот е предвидено за прибирање на писмени понуди за изведување на ентериерски работи. На основ ана тоа е издадено и решение за формирање на комисија. Во комисијата стои вака. Решение за формирање и именување на членови на комисија за

прибираше на понуди. Никаде не стои дека оваа комисија е овластена тие понуди да ги разгледува и да избира најголем понудувач. Према тоа, за жал, оваа иста комисија со вакво решение изврши разгледување на понуди, изврши понатамошна обработка на понудите мимо конкурсот и предложи најповолен понудувач. Кога ќе речам натамошна обработка мимо конкурсот мислам на следното. Во конкурсот кој е објавен во Нова Македонија на 24 јануари стои буквало вака: Евентуално намалување на вредноста на понудата понудувачите да го имаат ковертирано на денот на јавните отварања на понудите. Дополнителни усни и писмени намалувања на понудената цена нема да бидат земени предвид. Со самите записници кои ни ги предлага како копии, како прилог на извештајот на Владата стои дека комисијата во два наврата заседавала на денот кога ги отварала понудите и после тоа и самата Владата кажува дека комисијата ги викала наново на пред оговарање одредените странки. Значи го прекршила огласот и постапила спротивно конкурсот и по текстот мимо начелото на комисијата, мислам сепак дали е пропуст на кој што ја составил комисијата и што е, сепак таа беше составена за прибирање понуди, а не за избор на најповолен понудувач. Потоа, комисијата беше задолжена по конкурсот во рок од 10 дена по јавното отворање на понудите да изврши избор, но за жал таа го изврши изборот после месец и пол и за жал, повторноно ќе речам во изборот кој таа го предложи не понуди фирма која нудеше евтини цени, да речам евтини во однос на сите други, туку понуди фирма која беше во нивниот преглед на деветто место од вкупно 11 понудувачи Зборувам на 9, значи меѓу најголемите цени. Тоа го имате исто во прегледот кој е даден од одговорот на Владата. Според тоа, во врска со ова јас ќе поставам дополнително прашање на кое сакам да ми се одговори.

II/5.-

Прво, зошто комисијата која е формирана за прибирањето на понуди, како што стои во решението се впушти во вршење избор на најповолен понудувач.

Второ, зошто се одржа состанокот за разгледување на понудите. на 9 февруари, а не на 6 и уште повеќе во записникот стои дека се одржало на 6, а заверено на 9 февруари. Зошто постојат разлики во комплетните цени на понудувачите и тоа помеѓу записникот што е составен за отворањето на понудите и записникот од 15 февруари 1996 година кога према предложениот оглас во Нова Македонија стои дека не се прифаќа никаква измена, накнадно доставена до понудувачите. Како успеа комисијата да изврши избор за најповолен изведувач, некој од кандидатите кој се наоѓа на деветто место рангирано по висината на цените, од вкупно 11, како што реков, односно со што се прав- да изборот на една од најскапите понуди, кога према записникот и сите разгледувани услови од конкурсот, објавени заедно со соопштени- јата, заедно со информацијата стои дека таа фирма што ја доби работата буквално е на деветто место по висината на цената од вкупно 10 нивоа на цени. Иако во конкурсот стои буквално вака: По однос на точка 6 преизборот на најповолни изведувачи ќе имаат понудувачите кои ќе понудат помала цена, вкупна цена, односно пониски цени за позиции, пократок рок за изведување, помал фактор за пресметка на евентуално дополнителни работи и помал процент на манипулативни трошоци. Никаде не стојат други услови во конкурсот објавен.

И уште едно прашање дали на комисијата не и беше чудно тоа што две фирми и нудат потполно исти цени и по позиции и по попуст и по вкупна цена, а патем да кажам дека и тие две фирми влегоа во тесниот избор на комисијата за одлучување по оваа работа.

Последно прашање дали при конкурсот при изборот за најповолен понудувач за понудувачите не беше на пример интересна фирмата Бетон која сепак е реномирана фирма која беше по висина на цените, меѓу најповолните цени, туку избор на фирма која всушност во Македонија ја претставува само еден човек, а во основа е странска фирма и која во референциите нуди референци од странска фирма, а не од наша фирма, значи нуди во основа туѓи референци и уште едно прашање дали Владата не згреши малку во последната констатација на информацијата каде што пишува вака буквално. Последниот пасос на 4-та страница. По однос на наодите во образложението дека понудената цена од 3462 денари е најевтина, тврдат дека не е најниска. Јас Ве молам да ја погледате уште еднаш информацијата и да видите дека од вкупно понудените фирми 11 и 12 таа фирма нуди три милиони четрсто шеесет и две илјади сто шеесет и два денари со се пресметана царина и данок, единствено евентуално пониска цена нуди Бетон кој има три милиони триста четириесет и шест денари, без пресметана царина и данок. Наодот во образложението дека фирмата "Боинг" не нуди најевтина цена, не е типичен барам да ми одговори Владата со што ќе го аргументира тоа дека тврди дека не е најевтина цената.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дополнителните прашања да бидат одговорени во писмена форма.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Од прашањата што беа поставени толку детално, еден вид судска истрага е направено , така да мора и детално да се одговори, затоа што прво треба да се види дали се точни овие констатации што ги изнесе пратеникот и после да се одговори, така да мора писмено да се одговори на ова прашање.

II/7.-

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, почитувани министри. Прашањето што го поставив се однесуваше на непостоењето на професионална метролошка станица во Титов Велес. Јас сум делумно задоволен од одговорот, затоа што објективно е отсликана фактичката состојба која што постои и доста опширно. Јас би се задржал само на заклучокот. Заклучокот на Владата е дека Титов Велес има потреба од формирање на комплетна професионална метролошко - хидролошка и еколошка станица. Моето додатно прашање е дали во програмата за развој на Хидро метереолошкиот завод за 1997 година е зацртана и изградбата на професионална хидрометериолошка станица опремена со соодветна опрема која би обезбедила податоци во реално време. Ова прашање го поставувам затоа што од едни воопштени констатации Титов Велес нема да има корист, до колку во тек на многу блиско време биде изградена таа станица, што сепак и објективно требаше одамна да биде направено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе се одговори во писмена форма.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри. Би го замолила почитуваниот г-дин министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако е можно денес на оваа седница да даде поконкретен усмен одговор на поставеното пратеничко прашање од 11 април 1996 година за остварената премија на одреден број на производители на млеко, физички лица од општина Куманово за 1995 година кој не ја добија премијата. Иако откупувачите на нивното млеко имаат судска регистрација за ваквата дејност, воедно. сите потребни соодветни

податоци уредно ги поднесоа до општинската служба за унапредување на индивидуалното земјоделство во Куманово, производителите не ја остварија премијата.

Сметам дека и производителите на млеко и физичките лица и нивните откупувачи на млекото ги почитувале и постапиле по Одлуката донесена од Владата на Република Македонија за износот на премијата за млеко во 1995 година, "Службен весник на Република Македонија" број 8 од 1995 година, како и по упатството за начинот за остварувањето на правото на користење на средствата за премија на млеко во 1995 година, "Службен весник на Република Македонија" број 21 1995 година. За да не би имало понатаму недоразбирања би Ве замолила ако сакате да дадете по конкретен одговор.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Мислам дека е точно ова што е дадено во одговорот, се работи за откуп на млеко од организации кои што немаат регистрирано таква дејност. Но еве земаме обврска дека ќе го провериме уште еднаш, доколку постои таква регистрација, премијата ќе биде исплатена.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, дами и господа министри. На минатата седница имаше на дневен ред една точка, за која што расправавме , односно јас говорев доста околу реинтеграцијата на ромите од Северна Рајна Вествалија, пред тоа бев поставил десетина петнаесет прашања како рекорд, така пишуваше и во "Вечер", меѓутоа тоа што добив одговор тоа е тоа и нема што понатаму , меѓутоа на оваа работа за реинтеграција на ромите таму јас бев поставил доста

прашања, односно доста предлози со формирање на анкетни комисии за увид на животот на ромите во Република Македонија и како може да се помогне нивниот живот да биде подобар, што може да стори Република Македонија, почнувајќи од тоа прашаше, па и други прашања. Меѓутоа, кога заврши мојата дисурија, одејќи на место јас не слушнав дека претседавачот односно претседателот на Собранието тоа го постави на дневен ред како заклучоци. Па би молел нека од мојата дискусија се види што е она што сум предложил, нека се состават заклучоците и да се префрлат до Владата на Република Македонија. Не знам дали е деловнички, меѓутоа правниците од таа страна ми рекоа на овој начин само може тоа да се направи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова само може да биде ново пратеничко прашање г-дине Абди.

Молам, дали сеуште од овие што имаат добиено одговор сакаат да постават дополнително прашање. (Не).

Одиме на поставување на нови пратенички прашања.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, едно прашање до министерот за образование. Граѓаните од населените места во кои што постоела настава од основно образование, а заради напуштањето на населените места, сега овие објекти се празни и се препуштени на забот на времето, фактички пропаѓаат, се прашуваат, односно нас не прашуваат, а ние мораме Вас да ве прашаме дали Министерството има увид за колку такви објекти станува збор во Републиката и дали Министерството, ако веќе има таков увид, води сметка за нивно санирање или невозможно за нивно понатамошно пропаѓање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена или усмена форма?

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Во писмена форма.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитувани пратеници, веќе е постигнат договор со јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен фонд на Република Македонија да направи целосен попис на сите објекти што се во сопственост на Република Македонија, за да се види нивната натамошна судбина. Точен е фактот дека по одделни населени места каде што имаме иселување на населението, остануваат објекти, кои малку се користат или воопшто не се користат. За да се одлучи за нивната натамошна судбина евентуално и за нивна пренамена веќе е во тек подготвување на ваков список.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Николов дали сте задоволни од одговорот, или барате во писмена форма да ви се одговори.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Барам да ми се одговори во писмена форма.

III/2.-

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитувани министри, колеги, имам едно многу болно прашање пратеничко, три прашања се. Мислам дека до Министерството за образование малку сум револтиран и мислам дека време е и ние одовде да почнеме да зборуваме, ние Ромите доста ќутиме. Јас сум овде втор пратеник гледате сите дека постојано не станувам, не зборувам, се поддржувам со Вас, се знае на која страна сме, фер партијата и сл., учество на Влада и мислам дека ова го зборувам чисто за Ромите, бидејќи тие се малтретирани, на нив не им се дава услови. Прво, до Министерството за образов&ние првото прашање ми е и сакам веднаш овде да одговори и во јавноста да се чуе, затоа што со Ромите знаете 0,1% е сега ова за уписи за факултети и други образованија што треба секаде каде што дадоа, секаде Ромите се малтретирани, никаде не се примени и сакам да ми се одговори колку Роми се примени. Што тоа значи? Тоа значи дека ние ромите треба да ги вратиме повторно на колички повторно да ги направиме чистачи, повторно да ги уназадиме или треба да им дадеме образование за да ги еманципираме. Тоа е до министерката и барам лично да ми одговори овде, затоа што и минатиот пат исто така имав прашање до министерката за образование за 26 јули за школото во населбата Шуро Оризари. Барав таму да се изврши една добра контрола, да се види дека нема никакви услови за учење на децата таму од I до VIII одделение. Тоа не личи на школо и таму има две училишта и моментално едното школи би можело да се затвори. Да се види со контролата зашто јас гарантирам дека тоа школо нема услови и тие деца се препуштени сами на себе и никој не води сметка за нив. Наставата не се одржува како што треба. Една настава се одржува по 10 или 20 минути. Децата ги отпуштаат и нормално од I,II, III и IV одделение не може натаму ни да иде, кога не се оспособени за да можат да учат. За тоа не добив одговор.

III/3.-

Третото пратеничко прашање ми е моментално министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски не е тука, јас ова сега го поставувам и сакам да добијам многу бргу одговор. Тоа е многу болно прашање Знаете дека со Законот за трговија се донесе законот, дека имаме многу фабрики затворени во стечај и други работи, луѓе невработени. Знаете дека сите пазари се затворија, луѓето нема што да јадат, нема што да прават и мора на некој начин да се снајдат да работат, излегуваат по пазари, по улици и продаваат. Нормално дека тоа е забрането и за тоа знаеме, ама се знае дека пазарната инспекција треба да си ја врши својата работа. Пазарната инспекција треба да си води што има свое, полицијата треба да ја води својата работа. Не може полицијата да ја врши работата на инспекцијата. Пазарна инспекција треба да излезе. Се знае, јас сум стопанственик и знам како тоа иде, пазарната инспекција си ја води својата работа, а доколку не може да ја врши својата работа да бара интервенција од полицијата. Можеби знаете има и новинари и јавноста, јас не бев тука, отсутен бев се случи многу голем настан каде една жена почина по пазарите каде се прават рации, но тоа е нормално, закон е, toj треба да се спроведе, јас не сум против тоа, но да го спроведеме како што треба така што инспекцијата да си ја врши својата работа, полицијата својата работа. Знаеме дека во Македонија имаме некаде преку 10.000, 15.000 луѓе кои се бават со трговија, кои немаат услови за дуќани и за други работи. Би требало а знаеме дека пазарите се затворени за таква работа недозволено да се работи на отворено и би барал исто така да се даде еден одговор од министерот за урбанизам, г-динот Јорго Шундовски. Тој да даде одговор во Македонија да се насочат неколку локации, градот Скопје е многу голем, за кој град треба една локација од 20.000 квадрати, нормално, тоа го сметаме како една сива економија, јас со тоа се сложувам, но што треба сега да правиме со овој народ. Дали треба да го утепаме? Што треба, дали да го обесиме? Од дома да не излегува и да нема леб да

јаде? Мислам дека тоа не е правилно. Ние тука сме Собрание и пратеници, имаме Влада и министри и се имаме треба да земеме предвид дека овој народ треба да живее и да живее понатаму. Но, од каде? Сите фирми и сите фабрики се затворени. Знаете дека сигурно има луѓе кои немаат леб да јадат, а мора да се најдат на некој начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ве молам г-дине Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Прашањето е тоа, барам да ми се даде одговор со настанот кој се случи на Зеленото пазарче овде се тврди дека наводно жената е, јас не бев присутен во Македонија, се тврди и како што пишува по весниците и имаше секаде информации дека жената е утепана, удрена од полиција. Јас не знам дали е удрена или не, но барам да се даде одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за тоа ќе добиеш одговор. А за г-дин Шундовски прашањето?

**АМДИ БАЈРАМ:**

До г-динот Шундовски прашањето е да се каже локацијата односно да се одреди локација, да се направи една голема хала во кој што би можеле тука сите да работат, да се врши дејност. Тоа не е еден стопанственик, не е еден човек, тоа се некаде најмалку 20.000 во Скопје. Во градот Скопје мислам дека тоа би било доволно, а со тоа ќе има придонес и државата и се. Да не бидат уличари, да не продаваат по улици, да не се случуваат инциденти.

Другото прашање беше до министерот за внатрешни работи.

III/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, министерот за внатрешни работи не е тука и ќе ви одговори во писмена форма.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ќе одговори затоа што ова е голема болка, а знаете сите во јавноста, можеби Парламентот не работеше, беше на одмор, куќата на пратеникот Фаик Абди се нападна со 2.000 луѓе од Ромите. Лично од ромите пратеникот беше од својата изборна единица нападнат и каменована неговата куќа. Заради овие проблеми што се, мислам дека би требало ова да го преземеме. Значи, еден човек и еден пратеник кој го избрал целиот народ и да го каменува, значи го обвинуваат граѓаните од населба Шуто Оризари, избирачите дека не им го решил проблемот и не доаѓа време тоа да се реши. Јас барам за овие пратенички прашан»а, се извинувам малку сум револтиран, исто се случи пред три дена од полицијата имаме на Камени мост човек претепан, ќе ви донесам и видео - касета и се друго, едниот случај викаат дека жената од срце умрела на пазар. Добро, се сложувам, можеби тоа е така, но јас сега сум очевидец кој синојка бев во станот на мојата избирачка единица во Топаана претепано детето, земано од Камени мост претепано, бркано. Нормално тоа дете излегува за парче леб, па дајте да го решиме овој проблем на некој начин и барам да ми се даде одговор за се ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, дали барате одговор во усмена или писмена форма?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Доколку може тука на усмено од министерот Јорго Шундовски, од министерката за образование исто така би барал усмен одговор овде, а пошто министерот за внатрешни работи не е тука, би барал писмен одговор или ќе идеме на прием кај него, па да го решаваме проблемот.

III/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-ѓа Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Околу образованието на припадниците на националните малцинства на својот мајчин јазик постојат одредби во Уставот и ние се обидуваме, се разбира, тие одредби да ги почитуваме, но доколку се создадат услови за организирање на воспитно - образовниот процес. Тоа се однесува, се разбира на припадниците на ромската националност. Но, се разбира таму е малку поспецифичен проблемот, заради исполнетоста на потребните услови. Само да спомнам дека имавме сериозни проблеми и околу создавање или кодификација на ромскиот јазик и во таа насока веќе направивме значајни чекори, кои беа и од вашата партија афирмативно презентирани пред јавноста. Дојдовме до првата читанка и буквар на ромски јазик. За да дечињата го изучуваат ромскиот јазик, ние воведовме дополнителна настава во училиштата и тука јас би замолиле и вие да бидете наши сојузници во настојувањето што повеќе деца да мотивираме да се пријават за настава, за оваа дополнителна настава на ромски јазик. Бевме малку, морам да кажам, и непријатно изненадени од малиот одѕив на ученици за да го следат овој вид на настава.

Што се однесува за застапеноста на ромите во наредните степени на образование, јас не би можела сега да ви кажам конкретни бројки. Но, за да се зголеми опфатноста на припадниците на националностите во високото образование, знаете дека оваа година одевме и со еден модифициран приод во уписната политика на универзитетите во Македонија, се со цел да ја зголемиме нивната опфатност. Така да постои можност и над квотата што ја утврдува државата да се запишат до оној процент до нивната припадност процентуално учество во вкупниот број на население. Но, за конкретни податоци, јас сепак,би

доставиле до вас писмено известување. Тоа би се однесувало и до училиштата во кои претежно се школуваат децата до ромската националност.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ова прашање повеќе го разбирам како барање да се искаже каде се можни локалитети за градба на пазариште и меѓу другото уште едно прашање дали е потребно на Скопје таков вид на пазариште.

Веднаш на првиот дел на прашањето да кажам дека во Скопје по основниот и генералниот план на град Скопје има можни локалитети каде што може да се изгради затворено пазариште онака како што вие го баравте, па и отворени пазариште мимо овие сегашни изградени пазаришта.

Вториот дел на прашањето на Скопје многу му е потребен такво пазар за продажба на таков вид на роба и стока од големини кои вие ги кажувате сега дури јас мислам и поголеми површини се потребни за таков вид на пазар. За да можам точно да одговорам на кои локалитети и каде постојат, сепак, треба да се изгради и графички прилог од локации и можни локации во самите детални планови и тоа морам да го направам во писмена"форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, за другото ќе добиете одговор во писмена форма.

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, тесно поврзано со она прашање од кое што не бев задоволен претходно, само за оваа година се однесува, исто е за откупот на пченицата и го поставувам прашањето до Владата, кои се причините што оваа година Владата не одреди

премија за откупот на пченицата. Имено, Вас ви е познато дека порано беше со закон одредено дека задолжително беше секоја година за откупот на пченицата да има премија. Оваа година од страна на поедини пратеници во Парламентот, односно на Пратеничката група на СДС беше изгласан закон со кој што се одредува, согласно законот за поттикнување на развојот на земјоделството, Владата да биде таа која што ќе одредува во текот на годината кои земјоделски производи ќе бидат премирани, а кои не. Па, согласно тоа го поставувам прашањето. Зошто Владата не се одлучи оваа година да има премија за пченицата? Имено ова би го образложил со следното. Ова е прва година пченицата да нема премија и логични се поставува прашањето

дали Владата смета дека Македонија, бидејќи има доволно количини на пченица, па од тие причини смета дека нема потреба за поттикнување понатамошно зголемување на производството на пченица. Или пак, годинава во Македонија има големи количини на пченица, кои што останаа од минатата и од пред минатата година, дали од домашно производство или увезена пченица, па од тие причини повторно нема потреба за поттикнува на производството на пченица.

Или пак, како трета варијанта можеби смета Владата дека цената на пченицата до минатата година заедно со премијата е висока, па од тие причини не ја доделила премијата за оваа година.

Согласно на тоа, молам денес и усно да ми се одговори кои се причините за кои што Владата не додели премија за производството на пченицата за оваа година.

Второто и трето прашање ми се тесно поврзани, повторно поставувам прашање до Владата, затоа што на ова прашање го имам поставено пред повеќе од една година, но тогаш усно некако се одговори што велиме кажано недокажано, така што до ден денеска не е јасно. Имено, се работи за следново. Се повеќе во дневниот печат и во другите медиуми се спомнува за некое рангирање на приоритет на патишта кои

што ќе се градат во Македонија. Имено, по едни коментари приоритет се дава на патот Скопје - Тетово. Обиколниот пат на Скопје, па Градско-Гевгелија и на крајот доаѓа патот Титов Велес, Прилеп преку Бабуна. Минатата година кога расправавме по однос на прашањето на програмата на СИЗ-от за патишта овде беше речено од претставникот на Владата децидно дека за оваа година, за 1996 година приоритетно место ќе има изградбата на патот Титов Велес,Прилеп преку Бабуна. Но, од она што може да се прочита во дневниот печат дури имаше и такви коментари, не знам можеби некој ќе рече од Владата дека се и шпекулации, дури е порачана студија за патот Тетово - Скопје.

Прашањето ми е следново. Врз основа на кои критериуми Владата, доколку е тоа точно, се оградувам затоа што врз основа на она што е изнесено во средствата за информираше, врз основа на кои критериуми ги прави тие приоритети и ако се веќе направени тие приоритети кое е рангирањето на патиштата кои што се во Македонија.

Во склоп на ова имам уште едно прашање, деновиве прочитав дали се одржа или ќе се одржи состанок помеѓу претставници на Владата на Република Македонија, Бугарија и Албанија за коридорот Исток - Запад. Јас пред една година прашав што всушност еднаш ќе кажеме ли јавно, што содржи коридорот Исток - Запад. Бидејќи беше речено во едни коментари дека тој коридор ќе се одржи железничка пруга која што ќе се гради од Охрид, Ресен, Битола да се поврзе со Бугари- ја.

Понатаму, беше речено дека ќе се гради автопатско решение Охрид - Ресен.-Битола повторно спрема Бугарија. Автопатското решение по однос на она како што сега се работи, најверојатно ќе биде преку Гостивар, Тетово и Скопје и спрема Бугарија. Најверојатно вака ако се продолжи, на ваков таен начин и понатаму да се работи и железничката

пруга ќе биде на истиот начин изградена. Повторно Битола и не попусто битолчани се жалат дека остануваат слепо црево во оваа држава, јас и тогаш укажував кога беше програмата за патишта доколку бевме спремни стручно да го елаборираме, доколку се вклучеше во тоа Битола автоматски се поврзувавме и со Албанија и со Грција, па преку тоа и со Бугарија. Со ова што сега се прави, јас не знам од кои причини Владата, односно надлежните министерства сакаат на ваков начин да ја изведат оваа работа.

Мислам дека е крајно време овој Парламент целосно да биде информиран што всушност содржи тој коридор Исток - Запад и која ќе биде процедурата и кои ќе бидат термините по кои што ќе се гради и дали ќе има една периодичност на таа градба која што ќе следува во наредново време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Шундовски.

IV/1 ДВ/НД

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

За да не остане прашањето не одговорено, заправо одговорено а не доодговорено како и минатата година, јас ќе се обидам да дадам краток одговор на првиот дел од прашањето, а најверојатно министерот за сообраќај и врски и во писмена форма тоа детално ќе го образложи.

По програмата за изградба на патната мрежа за 199 6 година, патниот правец за кој вие сега овде зборувате Велес - Прилеп преку Бабуна е еден од приоритетните правци можеби еден од најприоритетните правци и за него се обезбедени 170 милиони денари за изградба за 199 6 година, или во маса на пари, можеби најповеќе во овој момент.

Точно е и тоа дека е порачана студија за изградба на патот Тетово - Скопје, но тоа е се со цел за продолжување на активностите на еден од најфреквентните патишта во државата, пат кој сигурно е можно и да се профитира, доколку се изгради автопатско решение. Само од тој аспект се( гради на таков начин и се продолжува со градбата. Всушност бројот на возила кои поминуваат овде тоа и го побаруваат во овој момент. Инаку определбата за изградба на патот Прилеп - Велес уште еднаш се враќам на овој пат, е јасна и гласна и во иднина, како и досега ќе се става посебен приоритет за изградба на овој патен правец. Впрочем, тоа и министерот за сообраќај од оваа говорница јасно и гласно го кажа.

Инаку, во текот на оваа година интензивирани се активностите во изградбата на самиот патен правец. Од прилика се изградени самата кључка на почетокот на изведбата на работите а сега се изведуваат подготвителните работи за мостовите кои треба да следуваат тука.

IV/2

Инаку сите знаеме дека тука ќе се гради најголемиот мост во Републиката преку Вардар и најголемиот тунел под Бабуна. На некој начин сега се привршуваат тие подготвителни активности, а со средствата предвидени за оваа година се изведуваат земјаните работи на потегот од Велес спрема Прилеп. Јас се надевам дека во еден многу брз период ќе има и видливи резултати на овој патен правец. Се изведуваат сите оние претходни работи тука, експропријации итн. и јас се надевам дека до крајот на годината ќе има опипливо да се покаже што тука е изградено

Што се однесува до вториот дел на прашањето, во однос на тоа што претставува коридорот исток запад тука е јасно. За овој коридор се изработени прво физибилит и студија а второ потпишани се повеќе меморандуми за разбирање помеѓу државите во кои јасно и гласно се дефинираат одредени патни правци, железнички правци на самиот коридор. Можеби малку и повеќе, тука се и воздушниот сообраќај и телекомуникациите она што вие го поставивте во овој момент за патната и железничката мрежа, јасно и гласно се определени патните правци. Она што остана во таа студија и во самите конечни определби на физилибити студијата и меморандумите, до дефинирање на коридорите низ Македонија кои беа дадени со алтернативи. И ден денес дефиниција, која од тие алтернативи или кој коридор е јасно определен нема. Според тоа тешко може да се одговори што е што во самите алтернативи за патниот и железничкиот правец на самиот коридор низ Македонија. Но, за ова, се разбира, министерот Бузлевски ќе даде и подетални одговори.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Во однос на прашањето зошто пченицата во 199 6 година за неа не е исплатена премија, да кажам дека уште со донесувањето на Буџетот во 1996 година и економската политика која ќе ја води Република

Македонија, се водеше голема расправа баш во овој Парламент и решението е такво, како што е познато дека пченицата се иззема од културите која во 1996 година ќе &иде иземена со премија што беше и причина, подоцна со изменување на Законот за поттикнување на земјоделските култури таа да не биде вклучена во културите кои ќе користат премија во 199 6 година.

Третиот елемент е што веќе неколку години имаше состојба гарантираната цена во Македонија беше повисока од просечната светска цена што придонесе да се донесе ваква одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

Господинте Најдовски само без широка дебата, кажете дали сте задоволни од одговорот и доколку имате дополнително прашање.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

За да не ме прекинувате господине претседателе јас ќе кажам дека не сум задоволен од одговорот и ќе барам и писмени одговори. Тоа е се со цел да не ме прекинувате. Инаку ќе ви кажам следново:

Спремен сум, само не во оваа прилика затоа што, како што рече претседателот, со оглед на тоа што се работи за пратенички прашања не за дискусија, да докажам дека нашата пченица, реално, не само да гледате номинално, не е поскапа од пченицата на светскиот пазар. Тоа можам да го докажам во секое време, бидејќи и вие сигурно добро знаете дека не постои држава во светот каде што земјоделието не е под капа на државата. Вие сигурно го пратите тоа доволно за аграрниот протекционизам што се водеше и сите тие проблеми што во светот се случуваат при производството на храна и тврдењето дека нашата пченица е многу поскапа од светскиот пазар, спремен сум да го образложам само со една работа.

Земете ги премиите, регресите и олеснувањата што ги имаат земјоделските производи на запад, она што велиме ние влезните цени при чинењето на производството на пченица, земете ги кај нас ќе дојдеме до податок дека навистина реалната верност на нашата пченица не е поскапа од светскиот пазар. Тоа е прва работа.

Второ, не е висина дека во буџетот нема ставка за премија на пченицата.

Од берзата која што беше, бев еден од тие што се залагаше за амандманот, 250 милиони денари беа префрлени на ставката за поттикнување на развојот на земјоделието. Законот што овој Парламент го изгласа стои - Закон за поттикнување на развој на земјоделието и во него стои член во кој се вели дека Владата во текот на годината определува кои производи во земјоделието ќе имаат премија, што значи дека и во Буџетот ја има ставката и законски Владата од оваа година е таа која ја определува премијата за пченицата и за другите земјоделски производи.

По однос на првото прашање јас му благодарам на одговорот на господинот Шундовски, но јас сепак не сум задоволен со динамиката со која се гради овој пат затоа што и јас бев еден од тие заедно со вас господине министре, знаете ветивме во Битола дека до 1998 година овој пат ќе биде некаде при крај. Последните сознанија ни се дека овој пат ќе биде при крај 2005 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за динамиката да не разговараме. Вие не рековте не сте задоволен од одговорот ќе добиете одговор во писмена форма.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Да дообразложам што барам понатаму во она што не сум задоволен.

IV/5

По некои сознанија кои што ги имам сега дека овој пат ќе биде завршен до 2005 година. Согласно тоа, како дополнително прашање барам од Владата да ми одговори која е динамиката со која ќе биде граден секоја година, нормално дека Владата го има направено тој план, која динамика ќе биде за одредени делници на патот Титов Велес - Прилеп ќе бидат градени, врз основа на тоа да бидам сигурен дека тој пат навистина и 2005 година ќе биде завршен.

Како последно би го рекол и следното: Владата прави приоритет на патишта сега, но 'не сум сигурен дека патот Велес - Прилеп не беше автопатско решение и дека требаше главното автопатско решение коридорот исток -запад да врви таму. Од кои причини е тоа изменето и како навистина не ми е јасно. Сигурно Владата ќе одговори на тоа прашање.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас имам само едно прашање. Моето прашање се однесува до целата Влада. Прашањето е со намера да добијам одговор за тоа како се остварува макроекономската политика на Владата во РМ за овие неполни две години и што Владата ќе преземе како предлог мерки за остварување на истата за наредните две години и разрешување на низа проблеми кои се присутни во сите сфери на општествениот живот, тука би било и здравството и образованието, комуналиите и тн. и земјоделието. Тоа би го барал како одговор да биде во писмена форма, нека биде во форма дали има анализа или извештај или некој вид информација осврт и тн. Меѓутоа, содржината да биде таа која треба да даде одговор како Владата ја остварува макроекономската политика во овие две години и како понатаму ќе се остварува. Зошто го поставува ова прашање.

Прво сметам дека со еден ваков квалитетен одговор на Владата писмен одговор можеме до крај да ги запознаеме сите пратеници, нормално и јас во таа смисла, бидејќи јас барам таков одговор со тоа што пратениците ќе имаат еден изворен и квалитетен одговор на Владата не само при своето комуницирање со Владата туку и комуницирање со јавноста односно со своите граѓани таму каде оди, со единствена цел да бидеме до крај правилно информирани за вкупните состојби.

Второ, со еден ваков квалитетен одговор на Владата, што јас сметам дека ќе биде квалитетен граѓаните на Република Македонија јавно ќе можат да бидат запознаени за севкупните состојби во РМ и за она што Владата го презема, а во меѓувреме и ние како пратеници на некој начин можеме да ги рационализираме нашите поставени прашања кои имаат генерален аспект односно општ интерес за РМ, не вклучувајќи ги тука локалните интереси, она што зборуваме пат од 2 километри од едно до друго место и тн. туку генерално што значи тоа земјоделие што значи здравство и тн.

Кога се работи за граѓаните мое длабоко убедување во самата комуникација со граѓаните добивам еден впечаток и тоа сериозен дека се тие во една голема дилема и во една конфузија и се прашуваат самите и не прашуваат нас како ќе се разрешува нивното постојано вработување, како ќе дојде до зголемување на производството во работните организации, како ќе се подобри животниот стандард на граѓаните за кој сведоци сме дека опаѓа нагло и дека во тој дел се наоѓаме во една конфузија, мислам дека постои како еден доста сериозен проблем.

Понатаму, како ќе се разрешуваат проблемите во земјоделието, гледате колку проблеми имаме таму, а земјоделците прашуваат каков ќе биде откупот, гледате сега нема никаков откуп, како ќе се разрешуваат

премиите, како сега ќе се заврши есенската сеидба и тн. Тоа се прашања сврзани и сето тоа овозможува, или оневозможување на нелегалното богатење. Очигледно луѓето во ова време искористија еден вакум на правна држава, дојдоа во позиција нелегално да бидат доста богати а да имаме еден слој многу сиромашни. Ширење на патолошките појави кои се евидентни во Република Македонија, да не зборуваме секојдневно за дрога, не знам ова ќе преземеме,не знам она имаме програма, имаме она, меѓутоа некако тоа се се сведува на нешто декларативно за што имам убедување дека многу тешко се остварува, а да не зборувам сега за проституција, за просјачење за криминалот и тн. патолошки појави кои во себе имаат инкриминирани дејствија и ние мораме да сфатиме дека полека државата влегува во едни матни води и доаѓаме во ситуација да не можеме да ги разрешуваме последиците.

Мораме да признаеме дека проблемите во комуналната сфера се доста хаотични.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам господине Арсовски, дали е ова образложение на првото прашање.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Да, да образложение. Јас реков само од две причини го поставувам прашањето.

Што е многу битно како се применуваат законските проекти кои се донесени на ниво на овој Парламент и државата. Во таа смисла би ја молел Владата и во интерес на сите кои работиме во овој Парламент и во самата влада и во интерес на граѓаните да имаме еден таков писмен материјал односно одговор на моето прашање и во тој контекст можеби ќе се отвори расправа, анализа и тогаш. не би биле нерационални во поставување на одредени прашања. Тоа е едно генерално прашање.

До одговорот на ова прашање ќе поставам уште едно до министерот за образование и физичка кутура.

Прашањето се однесувало регреси кои беа присутно своевремено, можеби и до Министерството тоа би било. Јас имено работам во повеќе спортски организации и во тие спортски организации се наметнува еден доста сериозен проблем кој е врзан за регресот. Ако се сеќавате едно време беа присутни регреси така да спортистите кои спортуваа кои патуваа со автобус и други сообраќајни превозни средства имаат попуст, така да можеа да спортуваат. Тогаш имавме и поголеми пари, можам да кажам во однос на спортот. Сега тие регреси се укинаа и сега практично материјалната основа на спортистите е многу мала и не се во можност да можат да комуницираат со екипите кои се надвор од местото на одигрвување на натпреварите и тн. Прашањето се сведува на следното:

Дали Министерството за образование и физичка култура во спрема со Министерството за финансии може да предложи измена односно дополнување на Законот кој можеби ќе ги регулира овие прашања врзани за регресот на спортистите.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Во врска со првото прашање јас би го замолил пратеникот Арсовски да биде попрецизен.

Прво, за кој период се однесува. Тој спомна две години. 1995 година имаш)е информација до Собранието за остварувањето на макроекономската политика и Собранието расправаше по неа. Ако ја земеме 199 6 година, таа сеуште не е помината. Ако сакате за првата половина од 19 9 6 година можеме да расправаме.

Понатаму малку ме збуни образложението што треба да влезе.

Ако сметате дека во^макроекономската политика треба да влезе прашањето на проституцијата, криминалот, тогаш тоа е сосема друго прашање и други прашања. Може и за тоа да се постави пратеничко прашање но тоа не влегува во макроекономската политика. Затоа молам да бидете прецизни кој период. Ако 1995 година значи повторна расправа бидејќи еднаш расправаше Парламентот 1995 година. Ако е 1996 година тогаш прецизирајте го периодот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас мислам дека бев дециден, меѓутоа пак недоразбирање.

Кога зборувам јас зборувам во континуитет, така да не го делам дејствувањето на Владата на шест месеци, па шест месеци. Она што била информацијата, само се надополнува со новите содржини кои се за наредни 6 месеци или за периодот до нејзино изготвување. Еве ги 6 месеци. Ние завршивме со јуни, јули и август, тоа се веќе 9 месеци од годинава. Добро е таа информација да содржи 199 5 година и 9 месеци од ова година, а во интерес, бидејќи ние ќеправиме буџет во декември. Тоа на некој начин би придонело да ги разгледаме сидрата кои беа утврдени на ова Собрание.

Она што го образлагав како причини тоа се само моите размислувања и на граѓаните кои во дадениот момент се раширени како појави. Меѓутоа, последното беше примена на законските проекти. Ако ние донесовме одреден закон за здравство, како се реализира тој закон за здравство. Меѓутоа, во макроекономската политика ние зацртавме како ќе ни се остварува здравството, или во образованието или во образованието, или во светата на стопанството или во сферата на

културата, еве да ја земеме и културата, ние многу малку зборуваме за неа иако имаме еден извонреден материјал пред нас што ни даде голема слика за самата култура. Така да во тој дел сакам. Едино Владата кога ќе има еден целосен материјал, тогаш ние можеме и целосно да ја разгледуваме положбата во РМ, а да не се занимаваме само со еден дел од она што претставува макроекономска политика во Републиката. Ние можеме да дискутираме само за земјоделие. Меѓутоа за земјоделие ќе дискутираме откога ќе имаме шанса да дискутираме за земјоделие на оваа седница, а јас барам одговор од Владата да ја имаме насликано севкупната состојба за да можам јас како пратеник да ја имам севкупната состојба во Република Македонија во писмена форма и некои согледувања на Владата како понатаму ќе ги остварува тие зацртани задачи, бидејќи ние имаме одредени проблеми. Велиме дека имаме вкупен раст од 4% на вкупното производство во РМ. Зошто тоа да не го кажеме. Јас не го гледам ова мое поставување на прашањето како негативна конотација. Дури и да има своја позитивност за себе заради едно правилно информирање за. севкупната состојба, и на пратениците и на граѓаните, тогаш нема да имаме дилеми, нема да има кон- фузии итн. Тоа е тоа што Владата го прави. Ако добро го прави ние ќе констатираме дека добро го направила и добро е така да продолжи. Во таа смисла, ако значи нешто ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако дека станува збор за нешто што ги надминува рамките на пратеничко прашање. Ова пред се се однесува на една детална информација за спроведување на макро - економската политика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас барам одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не може на вакво прашање да се добие прецизен одговор. Тоа ми е поентата.

Има збор г-ѓата Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Токму при подготвување на овие документи за макро - економската политика имавме и детално преиспитување на сите приходни и расходни ставки од Буџетот. Во тоа преиспитување добар дел од регреси, во овој случај и регресите со кои се субвенционира дел до трошоците за превоз на спортистите, како и за други корисници на вакви бенефиции, беа укинати.

Јас можам да ја прифатам сугестијата на г-динот пратеник при подготвувањето на новиот буџет да се обидеме повторно да воведеме некаква партиципација во трошоците за превоз на спортистите, но не сум оптимист дека тоа ќе можеме и да го обезбедиме. Засега сета активност се финансира преку спортските сојузи по критериуми што се веќе утврдени од страна на Министерството, покрај она што се обезбедува за вработените или за тренерите во одделни спортски сојузи. Тоа е во делот на материјалните трошоци, што според критериуми се определуваат за секој сојуз.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, јас само би проширил едно прашање го постави мојот колега г-динот Амди Бајрам на г-ѓата министерка Софија Тодорова - не да ви бидеме ние сојузници, ами вие да ни бидете сојузници, да им кажете на вашите помошници во основно образование да не повикаат кога ќе треба да објаснуваме, да кажеме дека нашите деца ние сакаме да учат на македонски наставен јазик и таму на факултативна основа да учат ромски јазик, еден час, два часа или колку што се предвидува според програмата што е усвоена во Педагошкиот совет на РМ.

Втората работа што се однесува на високото образование: доаѓаат кај мене и оние кои се Турци, се водат како Турци и од јужниот дел на Македонија, Струмица, Титов Велес, не е важно од каде, да им помогнам. Меѓутоа, на прашање кај деканите 1,1% од оној квантум од 10% во таа квота - за среќа се знам со доста мои другари, пријатели, колеги, декани, школски другари, од Факултет другари и еден дел успеаја да влезат во факултетите. Велам еден дел, не сите.

Она што сакам да го поставам како прашање денес, многу ми е тешко што овде ќе зборувам прв пат од како сум овде и во периодот 1969/1974 и овие два мандати и многу ми е тешко што морам да кажам една многу валкана работа што се случува кај нас во РМ. Имено, на 9 август се случи една голема несреќа на Зеленото пазарче. Ние знаеме дека постои закон за трговија и според член 6 од Законот

инспекцијата е надлежна да врши надзор врз реализација на Законот и доколку има потреба, да повика асистенција и полиција. Меѓутоа, според очевидците настана нешто друго. Јас тој ден не знаев ништо што се случува. Кај мене дојдоа 3 полицајци и ме замолија да отидам во Полиција Бутел, а во исто време зборував по телефон со БТР - станица, велат, сите знаат, само вие не знаете. Не знаев за што се работи. Ми кажаа дека отепале некоја жена. Јас велам не сум бил таму, не сум видел. Ако има сведоци, тоа е тоа. Бев до Полициската станица Бутел, разговаравме таму со одредени луѓе, 5-6 души од МВР и реков дека во 8,00 часот ќе бидам во БТР. Меѓутоа се јави г-динот помошник Диме Гурев и ме замоли некако да ја ублажам ситуација да не стане гужба. Јас реков дека ќе се погрижам, но ќе чекам обдукција да видам што е. Околу 9,00 часот ја добив таму обдукцијата, во БТР и пишува "заради откажување на кардио - васкуларниот систем на жената", а таа бегала. Тоа значи дека некој трчал по неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Абди, поставете го прашањето.

**ФАИК АБДИ:**

Да, сега ќе го поставам прашањето. Јас не знаев за што се работи, јас зборував смирено, да ги смирам луѓето. Во исто време ми јавија од дома дека мојата куќа е нападната од околу 2.00 0 луѓе, фрлале камења и тн. како да сум јас убиец. Меѓутоа, Шуто Оризари не е 2.000 луѓе. Тие не ја сочинуваат населбата. Станаа 40.000 луѓе. Тоа се некои што знам како да ги наречам, нема смисла да ги брукам, иако ме брукаат тие. Полициската станица Бутел, во содејство со други изврши анкета и

испитување на повеќе граѓани, преку 300 и има веќе најдено кои се организаторите. Прашањето е, сакам да ни се даде нам еден список на организаторите, да може и државата да ги гони, судот, а и јас приватно да ги гонам, заради тоа што мојата фамилијарна состојба е многу тешка, со мојата сопруга, тоа е голем страв, уништување на нерви и не знам каква ми е ситуацијата. Ова е една работа.

Втора работа: јас барав прием кај министерот за внатрешни работи, секретарката ми кажа дека тоа ќе биде во среда или четврток. Тогаш оваа работа ќе ја договориме, а бидејќи сме добри пријатели со него, се знаеме скоро 40 години, еднаш овде се договоривме и ми кажа дека доколку има сведоци дека тоа и тоа лице го уби тоа и тоа лице, веднаш ќе го ставам во затвор. Судот нека одлучи и нека оди во Идризово. Ова е како прашање, потпрашање, одговор и т.н. како сакате земете го.

Уште едно прашање што не е во домен за оваа работа. Вие сите знаете во Македонија и надвор од Македонија дека ние одржуваме "Шутка фолк фест", Фестивал на македонската песна и музика. До пред една година директор на фестивалот беше г-динот Стево Теодосиевски. Меѓутоа, испадна од 1994 година тие што ни должеа не дадоа никакви пари, не ми кажуваа ништо, а јас бев и сум претседател на Советот на Фестивалот. При една проверка, откако добивме од Министерството за култура аванс од 200 илјади денари, имало уште 31 извод, од 1-31, затоа што јас добив од 39 до 38, сите пари ги потпишал тој и некоја жена што работела таму, некоја секретарка негова. Веднаш пријава потпишав до МВР, бидејќи тоа е перење на пари и никој ништо не го гони, туку само пишуваат Фаик Абди, не е платен персонален данок. Со една половина плата има казна и Фестивалот незнам колку. Прашашето ми е кој е тој

што му помага на овој човек и дали некој друг .ако прави вакви работи, бидејќи во прашање се околу 12 илјади марки, ако денарите се претворат во марки, никој не го спомнува, никој ништо не му прави. Што е со нашата држава?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за тоа откако ќе добиеме одговор. Сигурно дека барате во писмена форма на сето тоа да се одговори.

**ФАИК АБДИ:**

Сигурно, министерот не е тука, сигурно ќе биде одговорено во писмена форма. И на разговорот, кога ќе бидеме таму, и ова ќе му се предочи на министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, прво морам да упатам една забелешка дека и покрај низа интервенции на повеќе колеги за посоодветен третман на оваа институција пратенички прашања, продолжуваме по старо и затоа доаѓаме во состојба често пати да се повторуваме, и наместо прашања, тука анализираме и го губиме и ритамот и актуелноста. Затоа, имам уште една молба уште еднаш да се обидеме, барем еднаш месечно на некој начин овој институт да функционира.

Истовремено сакам да искажам една јавна благодарност до министерот за финансии, што на едно мое поставено прашаше во форма

на можност да добиваме службен весник најефикасно се делуваше без да теоретизираме тука, без да објаснуваме, го добиваме Сл. весник редовно и што е задоволство, ги добивме сите службени весници во пакет за целава 1996 година. Така треба да се работи, да се делува и тоа е пример на ефикасност. Ќе ви кажам дека ова е многу значајно бидејќи сега, преку тоа добивање на службени весници следиме многу работи и ние лично и тоа ни овозможува вистински контакти со граѓаните кои не избрале.

Првото прашање е би рекол до соодветното министерство бидејќи веројатно се протега на повеќе министерства. Имаше ветувања дека Законот за денационализација во II фаза ќе оди во април месец. За жал, во последно време добиваме информации дека овој закон тешко ќе го видиме тука во овие наши да ги речеме аули и до крајот на оваа година. Добро е да се даде усмена информација кога можеме да очекуваме наредна фаза, бидејќи рековме дека овој закон ќе оди во III фази.

До Министерството за земјоделство: верувам дека ќе може исто така усмено да се одговори. Како досега се реализирани средствата издвоени за агро берза. Мислам дека беа 5 0 милиони денари. Беше барано многу повеќе, но тоа беше усовено.

Прашање до истото министерство, во соработка со Министерството за развој - дали долго очекуваните кредити, особено за развој на индивидуалното земјоделство ќе можеме да ги користиме, дали има реалност дека документацијата некаде и се прима или пак тоа се само манипулации пред некои важни настани.

До Владата, веројатно се однесува на повеќе министерства: дали помошниците министри имаат право на користење службено возило

секојдневно за обавување на нивната секојдневна работа на одредена релација, да речеме Тетово - Скопје и обратно.

Следно прашање до Владата. Секојдневно преку службениот весник и други извори добиваме информации за нови вработувања, најчесто именувања. Дали постои систематизација на овие вработувања, до толку повеќе што ние генерално прокламиравме политика на намалување на она што значи администрација, што значи оптоварување на Републичкиот буџет и во контекст на ова прашање директно до Министерството аз здравство. Пред некое време одеднаш во Медицинскиот центар во Гостивар Борис Камчевски вработени се 50 или 59 нови вработувања, што значи 10% од постојниот број на вработени.

До Министерството за култура две прашања поставувани и порано. И двете се однесуваат за Тетово.

Зошто сеуште објектот Амам или Стара Бања на мостот на реката Пена не е ставен во неговата првобитна функција и по истекот на договорот за обавување на времена угостителска дејност, и покрај правосилни судски одлуки кои ги има добиено во своја Музејот на тетовскиот крај. Во истиот контекст е прашањето дали има можност и шанси, додека е сеуште време да се иселат незаконски вселените бектеши во Арабати баба теќе, кое што веќе не претставува институција на култура, па ако сакате и на обавување на верски обреди, туку веќе станува институција на секојдневно живеење и битисување, што има сосема други негативни последици.

До Министерството за стопанство: дали гасоводот оваа зима ќе ставен во функција, после настанатите проблеми и спорови со "Газ пром" - Русија.

И до истото Министерство за стопанство, ние Законот за царинска тарифа го донесовме и рековме дека ќе треба под итна постапка да се

донесе уредба, во Законот за надворешно - трговско работеше за начинот на повраќање на средствата на име на царини, кои ќе треба да се повраќаат со докажување дека тоа е ослободено од царинска тарифа. Јас не сум информирам дека таква одредба е донесена.

До Министерството за градежништво, урбанизам и екологија: Дали ќе се изнајде решение за депонија на отпадот во Тетово, кој сега се транспортира дури во Скопје, во Дризла, што посебно ги оптоварува и финансиски граѓаните на Тетово.

До Министерството за образование и физичка култура: При расправата тука за начинот на водењето на педагошката евиденција беше речено дека тоа ќе биде сторено со подзаконски акт пред почетокот на идната учебна година. Учебната година е на праг и јас не сум информиран дека Министерството изготви таков акт. До мене се обраќаат директори на разни училишта и јас нормално ги преупатувам до Министерството за образование и сметам дека крајно време е тоа прашање дас биде разрешено онака како што беше речено од страна на Министерството, се разбира во согласност со Уставот.

Само уште едно прашање до Министерството за образование и физичка култура: За одговорен на подрачната единица на Министерството за образование во Гостивар е именувано лице со више образование, значи I степен на образование. Има големи реакции и сметам дека точно во сферата на образованието има и кадровски и други потенцијали и не смеат да се прават такви пропусти. Верувам дека не се намерни, за да се чувствуваат навредени сите оние вработени во оваа сфера, за кои на најголемиот дел им се бара високо образование. Непријатно е челникот на образованието во Гостивар да биде со више образование.

VI/1. -CJ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има многу прашања, барате во писмена форма да ви се одговори, или усмено.

Молам, одговарате, како сакаат претставниците на Владата.

Има збор господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ќе се обидам да одговорам на три прашања што беа директно упатени до Министерството за финансии. Едното прашање е врзано со законот за денационализација. Јас овде морам да констатирам дека од страна на поширокага јавност особено од страна на поранешните сопственици Владата и посебно јас како министер за финансии беа често пати повикувани и критикувани затоа што е одложено донесувањето на законот за денационализација и јас најверојатно по седми, осми или десетти пат ќе морам повторно една иста работа овде да ја објаснам, меѓутоа тоа се фактите. Кога последен пат дојде овој закон пред Владата, ние констатиравме дека содржи решенија за начинот на обесштетување на поранешните сопственици кои што се нереално поставени, кои што се необјективно поставени и заради кои ако останат такви какви што беа во тој Предлог на закон најверојатно Владата, односно државата ќе се најде во состојба да не може реално да одговори на таквите барања.

Ние го одложивме донесувањето на законот затоа што сакавме државата да има барем најопшти согледувања, односно да направи најопшти согледувања за големината на имотот што го должи и како што знаете, почитувани пратеници, во таа смисла беше направена соодветна анкета во Министерството за финансии, меѓутоа морам така да констатирам дека квалитетот на податоците добиени во анкетата е многу слаб, што по вина на оние што ја составиле анкетата, бидејќи очигледно нема за некои работи прецизни прашања, што по вина и на самите

поранешни сопственици кои што често пати го наведувале имотот, меѓутоа не и точната локација на имотот посебно на земјиштето, а бидејќи за еден ист имот често пати конкурираат односно поднесуваат барање повеќе баратели, да речеме од едно семејство, порано пошироко, со повеќе браќа итн. има и мултиплицирање на имотот и заради тоа ние кога физички утврдивме колкав е имотот со анкетата и кога помноживме по просечни цени, добиваме апсурдно висок износ.

И покрај сето тоа оваа Влада ќе оди со донесување на законот за денационализација. Ние го одложивме заради сите овие моменти и заради основната причина да понудиме економски решенија на законот кој што практично ќе овозможат враќањето на имотот да биде во согласност со економскиот потенцијал на земјата. Ние немаме морално право да не го донесеме овој закон. Законот се работи, се чистат решенијата, основните решенија, сега економски, нема да одат толку на враќање на готови пари бидејќи Републиката која што има внатрешен долг од преку милијарда американски долари, надворешен долг од преку милијарда долари не може тоа да го врати со готови пари. Најверојатно решенијата одат кон тоа дека ќе има еден вид на сертификати на државата кои што ќе бидат заменливи за реален имот, државен. Принципот ќе биде таму каде што постои имотот да се враќа ако не е многу видоизменет и слично, за да може со овие сертификати да се купува државен капитал, да се учествува во трансформација на претпријатијата со општествен капитал кој што не го довршиле процесот на трансформација и слично.

Да бидам кус, јас мислам дека до крајот или на почетокот на 19 97 година овој закон ќе биде донесен.

Околу малите и средните претпријатија и кредитните линии видете, прокламираме политика и со макроекономската политика на земјата дека

развојот на малите и средните претпријатија е еден од приоритетите во вкупниот економски развој на Република Македонија. Во право е господинот Стојановски кога вели дека многу се зборува за тоа, најверојатно има малку информации што стана со кредитите. Кредитите што дојдоа од Европската банка за обнова и развој фактички се ефектуираат преку неколку наши банки, тука е Стопанска банка, Алмако банка, тука е Македонска банка и н.

Морам да кажам дека досега најголеми резултати во ефектуирање на кредитите се реализирани преку стопанска банка, по таа кредитна линија околу 10 милиони германски марки веќе некаде од половината е активирано во обѕир на кредити. Основен проблем е што програмите што ги доставуваат претприемачите пред соодветните банки, инвестиционите програми се од прилично лош квалитет, а од друга страна како што знаете во Република Македонија не постојат посебни консултации и организации кои што се оспособени да им даваат помош на претприемачите во подготвување на инвестиционите програми за оценување на ефикасноста на инвестициите според европските стандарди или светските стандарди во тој домен, така да сега се во ситуација објективно ставени самите банкари да го потпомагаат тој процес што е малку апсурдно, бидејќи тие што ќе ги доделуваат кредитите ќе мораат да помагаат во изработка на инвестиционите програми, меѓутоа исто така програмите се предмет на оценување на самата Европска бан- ка, во овој случај, така да нема големо преклопување во тој домен.

Значи, најдобро стојат работите со Стопанска банка. Алмако банка за жал и Македонска банка уште немаат, иако имаат барања кои што се обработени и доставени до Европската банка уште не се одобрени тие кредити и според нивните информации тие очекуваат дека наскоро ќе почнат да се одобруваат и тие кредитни линии и дека ќе се забрза динамиката на користење на овие триесетина милиони германски марки

што се добиени за потребите на мали и средни претпријатија, од друга страна како што знаете денес по итна постапка треба на наредната седница на Собранието да се донесат три нови закони за задолжувања на Република Македонија, од кои да речам два се однесуваат повторно за приватниот сектор, односно за мали и средни претпријатија во областа на индустријата и во областа на земјоделството, бидејќи едниот закон се однесува за оној кредит од околу 16 милиони американски долари што е за приватниот сектор, а другиот е за индивидуалните фармери, односно земјоделството така да и со тоа сега ќе се зголемат' кредитните линии за развој на малите и средните претпријатија во стопанството на Републиката.

Третото прашање, бидејќи е укинат дефакто член 53 со новиот царински тарифник, како што е познато неопходно ќе биде многу брзо да профункционира системот на повратување на царините на оние стопански субјекти кои што ќе докажат дека во меѓувреме извршиле извоз и ќе се враќа оној дел од царините што се однесува на импутите кои што влегуваат во производите што се наменети за извоз.

Ние зедовме обврска и знаеме дека овој документ треба да се направи многу квалитетен бидејќи во основа е многу комплексен и деликатен. Јас имам убедување од царината што соработува и со Народ на банка околу оваа работа дека до 15 септември ова ќе биде комплетно готово и ќе почне после тоа да функционира, а се разбира ние во буџетот се подготвуваме да можеме наеднаш кога ќе утврдиме дека е реализиран извоз, тие пари да ги вратиме, така да веќе јас деновиве дадов наредба во буџетот да се резервираат по малку средства за да можат претпријатијата што ќе докажат дека извезле веднаш да си ги повратат парите.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ;**

Јас само неколку збора, а беше поставено прашањето за агроберзата секогаш, за една подолга дискусија, малку station наназад можам

да кажам дека заради сите состојби, особено беше спомнато и овде дека беше намален фондот на пари за самата берза, да кажам дека сега сме во најнепосредна акција бидејќи имаме во предвид еден објект во општината Гевгелија кој што во овој момент не е во функција, слободен е, кој што е добро врзан и со железничкиот и со патниот сообраќај, кој што е добро очуван. Сме во преговори со овие кои што од запад имаат подобри сознанија во врска со агроберзата поевтино и побрзо преку овој објект берзата да стане една стварност.

Во овој момент толку, а доколку ова навистина заврши поволно, ќе ве информирам дека ќе имаме добра берза.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Во врска со поставеното прашање за определување на локација за депонија на Собранието на општина Тетово, деновиве е закажана средба во Собранието на општината Тетово, на 29 август, на ко- ја ќе учествува и Министерството за урбанизам. Инаку, уште еднаш да повторам исклучива надлежност за определување на локација на депонија во општината е во надлежност на локалната самоуправа на општината Тетово и таму каде што може да учествува и ќе помага во учествувањето во разрешување на проблемот Министерството во рамките на своите надлежности ќе направи се за да се определи многу брзо ваква депонија.

Инаку, она што во последно време се забележува е посебна појава во општина Тетово е отворање на повеќе диви депонии во Тетово и околу Тетово, со што Министерството веројатно деновиве, малку повеќе ќе расправа и на некој начин ќе се обиде да ги расчисти тие депонии, се разбира на сметка на општината, затоа што тоа досега не го направи.

Во таа активност, во расчистување на дивите депонии, се разбира сегашните новонастанати депонии ќе бидат уредно расчистени и

најверојатно во ново предвидената локација или ново определената депонија ќе биде однесен целиот смет кој ќе се определува.

Уште еднаш повторувам дека исклучива надлежност за определување на депонија во општина е локалната самоуправа или општината, а Министерството ќе учествува во рамките на своите надлежности.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Во врска со овие прашања што се однесуваа на анамот "Стара бања" и на "Арабати Баба Теќе" би сакал да кажам дека за амамот "Стара бања" постои судско решение, а "Арабати Баба Теќе" е иселувано еднаш или два пати и пак е враќано. Ќе одговорам писмено каква е моменталната состојба и што ќе се преземе понатаму.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Она што пратеникот, господинот Томислав Стојановски, го упати до Министерството за образование повеќе го прифаќам како укажување и како сугестија за преиспитување соодветноста на кадровски- те решенија по одделни подрачја и единици, меѓу другото и во Гости- вар. Тоа е затекната состојба и сигурно ќе настојуваме да го сообразиме со она што е утврдено како барање во однос на нивната квалификација, односно школска подготовка.

Подзаконскиот акт со кој се уредува педагошката евиденција и документација сеуште не е донесен, на снага е стариот Правилник и документацијата е прилагодена во однос на него. Очекуваме дека наредниот период ќе биде донесен.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Ги прифаќам како точни цифрите кои што ги прикажа господинот пратеник, ако е така така е, ако има 50 вработувања сигурно се 50 вработувања, меѓутоа треба да се прашаме зошто е тоа така. Тоа е така

затоа што со години во Гостивар не е вршен прием на висок медицински кадар, затоа што во Гостивар е ситуацијата таква веќе старите лекари колеги одат во пензија, специјалисти, на нивно место не доаѓаат млади. Од тие причини е извршен тој прием.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За жал, би бил среќен кога би се вработувале луѓе од категорија на специјалисти и слично. Моите информации се напротив, сосема обратни дека најголем број од вработените се луѓе од категорија на помошниот персонал, хаус мајстори и слично. Обично луѓе кои што најчесто треба да се бават со некои споредни работи. Инаку нормално и ќе ја поддржам и ја прифаќам потребата од неопходна замена на она што значат специјализанти, што значи подмалдуваше, но во овој случај сметам и добро Министерството да провери за оваа работа, затоа што сметам дека едно такво вработување, едно такво енормно зголемување, 10% од вкупното вработување, за луѓе специја- листи, нема никаква логика, значи немало ниеден специјалист, а та- му нема 100 специјалисти, не се сите тие вработени, дали има само два-три специјалисти за оваа категорија, но не е проблем, и ова по веќе како сугестија да се следат состојбите бидејќи иритираат.

Ние од ова место најзванично застапуваме рационалност, рационализација, економичност за администрација и тн., а од друга страна ни се случуваат работи кои директно, практично го загрозуваат ако сакате и нашиот, а уште повеќе и вашиот авторитет како министер. Велам ова да го примите најкоректно и најчесно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Другите прашања, бидејќи не се тука министрите ќе добиете одговор во писмена форма.

VI/8.-

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и министри,

По барање на група мајки и граѓани на општина Свети Николе, задолжен сум да и го повторам прашањето на госпоѓата министерка за образование, Софија Тодорова. Имено, на пратеничкото прашање не добив одговор, прашањето ќе биде исто, со иста содржи- на, дали во Училишниот центар "Кочо Рацин" постои сомнение дека се користи, дрога, злоупотребува, и дали има пробатори. Мислам дека министерката на ова прашање треба да одговори, поминаа четири месеци и за оваа проблематика јас не добив одговор. Малку беше симптоматично информацијата што ја даде Владата, пратениците од СДС не сакаа да ја разгледаат на седницата, но дали требаше да стане попот на телевизија и да се покрене една акција околу наркоманијата, мислам дека е добро и се девалвира овој Парламент, се девалвираат пратениците и пратеничките прашања.

Второто прашање е, за Министерството за внатрешни работи, на иста содржина, да изготви пратеничко прашање ако не ќе се потрудиме со информација, што како и кои се активностите и кои се дилерите во Македонија бидејќи она што е програма на Владата за наркоманија е нешто само пишано, а не функционира. Сведоци сме си дека секој ден на границата се запленуваат од 2 до 10 килограми марихуана, хашиш и хероин. Сведоци сме дека ова што го пишуваат сега храбрите новинари кои немаат доблест да пишуваат многу порано дека Македонија е зафатена со дрогата комплетно, дека станува мета на наркоманијата, треба да изготви информација, мислам стратешко прашање МВР.

Третото прашање до МВР. Ние донесовме Закон за јавните патишта, во член 90 став 2 стои дека само со посебна ознака возилата треба да бидат ослободени од наплата. Не знам зошто не се регистрираа службените возила на локалната самоуправа.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Можеби со определено задоцнување за да се утврди фактичката состојба е одговорено на пратеничкото прашање на господинот пратеник, претседател на Собранието на Свети Николе, а дополнително е изготвена Информација онака како што се бараше. И во Информацијата меѓу другото станува збор за тоа што Владата и посебно Министерството за образование и физичка култура преземаат за спречување на интензивирање на трендот што за жал ни е присутен во РМ, за зголемување на бројот на корисници на дрога и недозволено препродавање на дрога.

Добро е што сега пратеникот кажа дека Македонија станува центар затоа што во претходното обраќање до Парламентот тој кажа дека Свети Николе е центар на препродавање на дрога и јас ја споделувам загриженоста на мајките што преку пратеникот го поставуваат прашањето за учениците кои еве започнуваат да се вклучуваат во редовите на оние кои уживаат дрога, но ја разбирам и навреденоста и на родителите и на членовите на училишниот одбор на училиштето и на членовите на советот на родителите, после неговата изјава дека Свети Николе, не Македонија, туку Свети Николе станува центар на дилери на дрога и на уживатели на дрога.

Од она што ние како Министерство соработувајќи со нашата подрачна единица, се разбира со директорот на училиштето, со надлежните органи во општината, со Центарот за социјални грижи, со медицинските институции, со МВР од сознанијата што досега ги имаме, за среќа, можеби тоа до крај не е така засега има евидентирано тројца уживатели на дрога во општина Свети Николе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:** (Продолжение)

Неодамна имаше и екипа која престојуваше од Министерството за образование во општина Свети Николе, меѓу другото , оствариjа и разговор со претседателот на општината. Тој посочи дека располага и со други дополнителни информации, а за кого ги чува тие сознанија, а не сакал да ги презентира, тоа не ми е јасно. Дури споменал дека ќе фрли уште едно 3 илјади марки за дополнителни сознанија. Ние навистина би биле благодарни да се оствари соработка во насока на тоа да добиеме вистински информации, затоа што верувам дека и целта и наша и моја како министер и посебно негова како претседател на Собрание е иста и единствена, што поуспешно да се справиме со ова зло. Мене ме радуваше она што го прочитав во весниците, а нашата соработка со многу општински собранија се одвива многу успешно и на овој план, ме израдува и тоа што еве на пример општината Куманово и самата изготвува програма за да се справи со ова зло. Во општината Свети Николе ако навистина е подрачје каде тоа масовно се случува според наводите на претседателот на Собранието, веројатно има такви факти, но упорно ги крие од нас, да на дојдат до нас.

Повторно ќе кажам зачудува фактот што дури на крајот на 1995 година успеано е да се реализира она што било вклучено во програмата во 1995 година на Собранието, дури на крајот на 1995 година еднаш е расправано за проблемот на дрогата по информација добиена од училиштето "Кочо Рацин". Притоа информацијата е прифатена што значи и наодите во таа информација. Се разбира прашањето се актуализира при поставувањето на пратеничкото прашање од г-динот претседател на општинското Собрание. Но, јас велам, она што се официјални податоци со кои ние располагаме, тоа се тие тројца уживатели. Јас лично би

апелирала и до општинското Собрание да се обидеме заедничи, навистина да ја согледаме, вистинската состојба и да преземеме што поефикасни мерки за нејзино сузбивање.

Не може да биде амнестирано Министерството за образование од одговорноста за ширењето на оваа појава. Но, многу е индикативно меѓу одговорните министерства да се посочи само Министерството за образование и меѓу училиштата да се посочи училиштето каде што директор е претседателот на СДС. Но, во секој случај фактите и информациите треба да се проверат. на пример, јас не сакам да поверувам во информација дека од Фондот за станбена дејност во Свети Николе без никаква одлука се дадени на приватна фирма 200 илјади денари. Или не сакам да поверувам на информација дека 6 години се собира 1% како придонес од плата, а никој нема увид како тие средства се трошат. Апсолутно не верувам во тоа, додека не проверам. Проверените податоци се дека во Свети Николе има тројца уживатели на дрога. И ако г-динот претседател располага со други факти што не сакал да ги презентира пред вработените во Министерството за образование, еве јас и од оваа говорница ќе го замолам да соработува со нас, да дојдеме до фактичката состојба, а се разбира и да ги преземаме сите потребни мерки да не се шири ова зло за што сите сме загрижени, освен дилерите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, не водиме материјална дебата. Доколку не сте задовол- ни од одговорот поставете дополнително прашање. Расправа ќе водиме ј ако дојде како точка на дневен ред.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Сигурно дека г-ѓата министерка беше многу загрижена, па дури одлета за Атланта. Сигурно не верував дека вака една министерка се

обраќа како некоја тетка оговарачка, мислам многу, многу примитивно. За она дали сум рекол јас дали Свети Николе станува центар на дрога, постојат стенограми. И овој пат пак сакате да ја изманипулирате јавноста. И овој пат Собранието има расправано, Свети Николе не е Њујорк. Она што значи многу за Свети Николе значи и еден случај. Со тоа што' самите кажавте дека постојат три случаи, моето прашање беше не Свети Николе станува мека и дилерски град , туку моето прашање беше дали во училишниот центар има корисници на дрога. Во сите институции кои што се занимаваат со оваа проблематика постојат писмени докази, постојат писмени аргументи, а ако ги немате, тогаш жалам што ги немате дека во Училишниот центар постојат три корисници кои се хоспитализирани. Дали имаме нови сознанија или за кого ги чуваме не знам. Вие имате некои сознанија периферни. Собранието на општина Свети Николе не е во ингеренции и компетенции да му дава информации на Министерството за образование. Ние од Вас бараме информација, бидејќи Вие така формулиравте. А ова, дали постои треба да дојдете да направите Вие обиколка, Собранието не е должно на Вас да Ви дава информации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате одговор во писмена форма или сте задоволни од одговорот. За состојбите тоа е друго прашање. Значи одговор во писмена форма.

Има збор г-динот Благоја Стојаковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Еколошкото друштво "Липа" од Куманово се обрати до сите пратеници од Куманово за познавајќи ги со состојбата на реките

Липковска и Коњарка , кои што во самиот град ја прават реката Кумановка. Од сите пратеници од Куманово ги поставувам следните две прашања до надлежните министерства.

Прво, може ли да се издаде забрана за наводнување на земјоделски површини од водите на реката Коњарка и Кумановка и

Второ, кој е надлежен и кој треба да преземе потребни мерки за забрана на испуштање на фекалии и отпадни води од свињарската фарма во водите на Коњарка и Кумановка зашто таа е најголемиот загадувач на оваа река.

Горните прашања ги поставуваме од следниве причини.

Од извршените анализи на водите на овие реки е непобитно утврдено дека се можеби и најзагадените реки во Републиката па и пошироко. Всушност и двете реки преставуваат отворени канали за севкупниот отпад на населението. Во реката Коњарка и Кумановка веќе со години е уништена целосно и флората и фауната, а од овие реки се врши наводнување на површини на кој се одгледуваат претежно градинарски култури кои потоа се носат на пазарите. Тоа се причините за првото прашање.

Во однос на второто прашање, во летниве месеци при намален водсотој на реката Роњарка и Кумановка, еднаш неделно од свињарската фарма се испуштаат отпадните води и фекалии кој градот по целата своја должина е зафатен со неподнослива миризба. Граѓаните оправдано се револтирани бидејќи во ноќните часови никој не може да ги отвори прозорците на своите соби за да може да поминат мирна ноќ. Фармата се наоѓа во горниот тек на реката и воглавно е и главниот носител на уништување на севкупниот животински и растителен свет. Барам прашањата да добијат писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани, министри колеги пратеници,

Имам три парашања кои се многу кратки и тоа едното прашање до Министерството за сообраќај и врски и тоа гласи: кога ќе се донесе закон за хомологација.

До Министерството за градежништво, и после 30 години две населби во Скопје немаат одвод за атмосверските води, а тоа е мавровската населба во Влае и населбата Козле, дали постои решение за овој проблем на било кое ниво, во себе мислам дека не сте многу надлежни но од тоа самото што го кажа мислам дека и одговорот ќе биде тука, но и во писмена форма кога ќе ги испитате сите работи ќе одговорите.

До Министерството за стопанство, дали сите нови возила кои што се продаваат во нашата држава поседуваат атест за технички карактеристики според нашиот закон за стандардизација или конкретно прашувам: Дали возилото ТИКО-ДАЕВУ поседува таков документ кој што гарантира за техничките карактеристики за сигурност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри, почитувани колеги ,

VII/6.-

Летово, според некои сеуште потврдени податоци од страна на службите во нашава држава во соседна Грција летните одмори ги поминаа околу 40 илјади домаќинства од нашата држава, кои како така на државата која што подолго време и става сопки на наша- ва држава и оставија околу 50 милиони марки, а може и повеќе. Зошто како познати патриоти за Македонија оваа пара не ја оставивме на Македонија, во нејзините прекрасни туристички места, Охрид, Струга, Отешево, Дојран, Маврова и др., туку ги однесоа во соседна Грција.

Во рамките на овој срам))за туризмот на Македонија на Владата и поставувам две прашања:

- Колку пратеници министри и лидери на политички партии летуваа во Грција и зошто на македонците од другиот дел на Македонија не им беше дозволено влегување во Грција.

Дали Владата на Република Македонија размислува оваа невидена дискриминација на македонцките од Егејскиот дел на Македонија што живеат во нашава држава не ја познава Европа. Посебно сега откако сите односи со соседна Грција се регулирани со меѓудржавни спогодби.

До министерот за финансии:

- Меѓу многуте штедачи со заробени девизни штедни влогови се наоѓаат и многу приватни земјоделци. Министерот за финансии денеска нема да го прашувам кој и како успеа да ги ослободи заробените девизи, бидејќи тоа е голема тајна на банките, туку ќе го прашам дали приватните земјоделци можат со заробени девизни штедни влогови да ги плаќаат придонесите за пензиско и здравствено осигурување како и данокот на промет при купување на земја и земјоделска механизација.

VII/7.-

Второто прашање за ова министерство се однесува за работата на трговските претпријатија во ритско - планинските, пограничните и неразвиени села. Имено, во последно време заради низа причини во овие села има масовно затворање на продавниците на стока за широка потрошувачка, односно за леб, брашно, сол, шеќер и друго. Се затвораат бидејќи оддалеченоста на овие села од градовите, од една страна и малиот број на жители и се поприсутната појава на праматари во овие села, од друга страна, не дозволуваат рентабилно работење на овие продавници.

Прашувам дали Министерството за финансии размислува да воведе некои стимулативни мерки за работата на овие претпријатија во овие подрачја, да ги ослободи од плаќаше на данокот на промет, данок на фирмарини, потоа персонален данок и други давачки, се со една цел во овие села да не се дозволи да згаснат овие продавници и бадијала да одат во неврат инвестициите што сега се вложуваат за изградба на патишта водоводи и се друго што му е потребно на селото.

До министерката за образование имам едно прашање. Минатата година во пограничното Битолско село Кишева почна да се гради нова училишна зграда, беше ветено дека новото училиште ќе биде даде во употреба годинава. За неколку дена ќе почне наставата во новата учебна година, а училиштето не е готово. Прашувам, зошто се прекинати градежните работи на овој објект и ќе дозволи ли ова Министерство во Кишава наставата и натаму да се изведува во објекти што не служат за ништо друго, а камали за образование на дечиња.

Пренесувам порака од Кишава, ако за еден месец ова училиште не биде завршено и дадено во употреба децата на број од околу 150 ќе ја бојкотираат наставата до изградбата на училиштето.

VII/8.-

За министерот за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина , прашањето се однесува за земјотресот што ја погоди Битола 1994 година и тоа гласи вака:

Колку приватни и државни објекти настрадаа од земјотресот, колку пари државата издаде за санирање на штетите и како се распределени тие средства меѓу граѓаните и селаните чии објекти настрадаа од земјотресот.

Ова прашање го поставувам заради тоа што низ градот и битолските села се шират гласови за некои неправилности во исплатата на доделените пари. Имено, постои мислење дека Комисијата што работеше на овој план немаше еднакви аршини при распределбата на средствата и на оштетените лица им има исплатено пониски износи на пари од утврдените штети, со цел да се обезбедат средства за изградба на главната улица во Битола.

Се шушка дека со оваа манипулација на оштетените лица од земјотресот им се задржани над 1 милион марки и овие средства се орочени во Стопанската банка во Битола. Инаку во Битола никој не е против идејата за изградба на широк сокак, ако тоа се гради со средства на сите граѓани, а не само со закинати средства од штетите на граѓаните што им се направени од овој земјотрес. На ова прашање барам усмен одговор.

Годинешнава жетва на пченицата не ги даде очекуваните резултати. Според земјоделците, оваа жетва се наредува меѓу најслабите жетви во нашава држава досега. така и во Пелагонија, приватните земјоделци од нашава општина оваа година собраа само 9 илјади и сто тони пазарен вишок на пченица односно 23 илјади тони помалку од мината година. Со оглед на тоа што овој род не ги покрива

ниту основните трошоци на пченицата, а сеидбата на оваа култура виси на прагот, за Владата и за министерот за земјоделство го поставувам следното прашање.

- Дали Владата на Република Македонија може да издвои дел од средствата што се наменети за поттикнување на развојот на приватното земјоделство за кредитирање на наредната есенска сеидба ан пченицата.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Станува збор за набавка на репроматеријали, ѓубрива, гориво и семе. Мислам дека во рамките на надлежностите на Владата можно е да се размисли дел од овие средства што беа закинати од премијата од минатата година да се дадат на име на субвенција за пченицата за оваа година.

И на крајот уште едно прашање кратко, а се однесува до министерот за стопанство. Имено, имам сознание дека во Европа во населените места што се наоѓаат околу термоелектраните се плаќа пониска цена за електрична енергија. Се знае зошто. Прашувам дали населените места околу РЕК "Битола" станува збор за селата Новаци, Рибарци, Греотино, Добромири, Армадуш и Долно и Горно Арверци може да се примени една ваква европска мерка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Тантаров, значи само на едно прашање барате одговор во усмена форма. Сите други во писмена форма.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Средствата од земјотресот кои се дадоа во Битола во висина на две еднодневни заработувачки се исплаќаат исклучиво со распределба на Комисијата при Собрание на општина Битола. Не би сакал да верувам ова што го кажа пратеникот дека е вистина дека дел од тие средства се закинати за некоја друга активност. А она што е точно е тоа да во градот покрај објектите од станбениот карактер настрадаа и други видови на објекти и дека дел од средствата се упатија и на такви видови на објекти меѓу кои и некои од објектите од инфраструктурата. Точно е и тоа дека еден дел од средствата отпатуваа и во индустриските објекти кои беа оштетени во земјотресот посебно оние кои имаат непосредна штета од објектите кои беа пред рушење од земјотресот, како што е Кожарата и сл. Јас мислам дека ова укажување на пратеникот г-динот Вељо

Тантаров ќе го прифатиме како укажувања да извршиме уште еден инспекциски увид во средствата како се трошеа од Комисијата при Собранието на општина Битола, а после тоа и писмено ќе информираме.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

За жал навистина имаме состојба за во еден значаен дел на училишта во Република Македонија имаме супстандардни услови за обавување на воспитно - образовната дејност. Но, од друга страна пак имаме крајно стеснети можности со буџетски средства да ги задоволиме сите оправдани барања за подобрување на тие услови. Само да споменам оваа година успеавме дваесетина од доставените барања да ги реализираме. Училиштето во Кишава е започнато во изминатата година. Јас еве сега би ве информирала дека во програмата за инвестиции за оваа година ова училиште е вклучено со 9 милиони денари и јас сум сигурна дена во многу кус период во зависност од приливот на средствата од Буџетот ќе успееме да го завршиме овој објект.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитувани колеги, почитувани министри, јас имам само едно прашање и тоа конкретно до Владата на Република Македонија. Дали Владата така лесно и незаинтересирано ќе се откаже и ќе овозможи потполно пропаѓање на најсовремената и најмодерно опремената кланица во Македонија. Како најголем и најафирмиран извозник на свежо месо во Европската заедница, Арапските земји и поранешните ЈУ Републики. Во повеќе наврати Владата е целосно информирана за состојбите во оваа работна организација, има физички пресметки и полициски интервенции, состојбата е алармантна и жална. Барам одговор во писмена форма.

VIII/3.-

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и министри едно прашање до Министерството за одбрана. Дали границата Републиката Македонија, Албанија е доволно безбедна со снаги и дали има појава како што се зборува дека имаме одземање на добиток на граѓани од ридско - планинските населби погранични од страна на војници од албанска армија.

Второто прашање е до Министерството за градежниште и урбанизам. Истоветно прашање и до Министерството за земјоделие и водостопанство. Во населбата Подгорци во Струга во тек е изградбата на еден поголем проект водовод од околу 7 километри. 70% од инвестицијата според Законот за финансирање на недоволно развиените краишта ги обезбедува Агенцијата за развој. Меѓутоа имаме информации дека Министерството за урбанизам потпомага вакви активности а исто така и Министерството за земјоделие од аспект што ридско - планинските краеви познато е дека се краеви со социјално загрозена работоспособна струк- тура. Па би сакал да поставам прашање до Министерството за урбанизам дали има намера со свои средства да ја потпомогне оваа инвестиција, односно да ги потпомогне граѓаните како што тоа го чини и досега во бројни населби, а посебно Министерството за земјоделие од аспект што во проектот е предвидено покрај вода за пиење што е автентично спрема Законот за финансирање од агенцијата за недоволно развиени краеви, меѓутоа и за наводнување. Проектот е така направен да се обезбеди и наводнување на овој регион. Па мислам дека Министерството за земјоделие, а поставено е и такво барање до него дали има намера да ја потпомогне оваа инвестиција.

До Министерството за финансии, со оглед на тоа што измина делувањето на Законот за загубарите ме интересира што станува со влогот на државата за ревитализација на овие 25 загубари?

Второ прашање до Министерството за финансии. Дали е можно и дали има појава дивидендата на одредени приватизирани работни организации да се користи за откуп на влогот што го има Владата односно државата во тие претпријатија, односно кај тие претпријатија каде што постои таков влог.

До Министерството за стопанство мислам дека изминаа шест месеци и време е Министерството за стопанство да одговори на следните прашања, а со тоа и да не информира за истите колкав е бројот на претпријатијата под стечај? Второ, колкав е бројот на стечајните работници, трето, колкав е бројот на работоправните субјекти кои што не примиле плата повеќе од два месеца и колкав е финансискиот капитал односно колкав е опсегот на финансиските средства како внатрешен долг меѓу работоправните субјекти кои што работат затоа што е познато дека многу претпријатија и работоправни субјекти меѓусебно си должат,меѓутоа постои и вкупен долг, односно постои дефицит на парична маса за решавање на должничко доверителите односи меѓу активните работоправни субјекти. Па ме интересира колкава е таа сума на пари и дали постојат можности да речеме Владата да ги оспособи барем дали со кредити, или било како да оваа дубиоза која што постои меѓу работоправните субјекти да може да се одвива еден промет нормален. Ова од аспект што ваквата состојба се одразува и на Фондот за пензиско осигуруваше, се одразува и на Фондот за здравствено осигурување, се одразува и на Заводот за вработување, бидејќи од тие средства исто така и тој се анимира.

До Министерството за правда ме интересира дали со стечај при присилно порамнување и ликвидација на работоправните субјекти должникот го губи правото на сопственост со оглед дека сопственоста претставува уставна категорија која што не може да се губи.

До Министерството за труд и социјална политика. Сите работоправни субјекти во структурата на средствата што ги одвојуваат за одредени субјекти во државата издвојуваат за Министерството за труд и социјална политика 1,5% од бруто платите. Ме интересира за кои намени се користат овие средства. Тие средства се даваат за вработување, меѓутоа, колку што знам досега Заводот за вработуваше не финансирал ниедно вработување, не одвоил средства за ниедно вработување иако такви поедини работоправни субјекти обавуваат. Уште едно прашање до Министерството за труд и социјална политика кога Министерството за труд и социјална политика ќе понуди на ова Собра- ние закон за вработување? Ова од аспект што многу долго овој закон, веќе 6 години можам да кажам дека нема доживеано промена во духот на преструктуирањата што се вршат во општеството. Така што просторот на заводите за вработување во суштина претставува еден простор за луѓето, граѓаните, индивидуите си обезбедуваат здравствена заштита. Барам одговор во писмена форма.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и господа министри. Јас господине претседателе ќе дозволите да поставам едно процедурално прашање. Мислам дека не можам да не забележам дека ние пратениците сме тука да поставуваме прашања, а господата минис- три се тука да одговараат на тие прашања и да се држат во контекст на одговорите. Мислам дека одговорот на г-ѓата министерка за образование во врска со некои средства е надвор од вкусното и мислам дека завлегува во ресорот на г-динот министер за внатрешни работи или други министерства. Мислам дека оваа забелешка сите ќе ја уважиме

како ние што поставуваме прашања така и господата министри.

Моето прво прашање се однесува до г-динот премиер на Владата а е во врска со темата која ја обработува обично г-динот Тантаров. Се работи за несреќата за болеста лигавката и шапот кои ја задеси Македонија. Од Информацијата која ја добивме од Владата од времето на најава на таа опака болест по животните па и по луѓето која започнува како информација на службите надлежни за ова од 5 мај Владата е информирана дека во Албанија се уништува стока и дека е индикативно дека шапот и лигавката веќе се присутни во Албанија. Повеќе нема да се задржувам на ова. Од денот кога оваа информација од 5 мај па до јуни месец, до крај на јуни месец тек Владата на Република Македонија формира комисија која треба директно да влезе во ј борба и сузбивање на оваа опака болест. Прашањето е до г-динот претседател, дали смета дека овој период не е предолг и дали во одделни министерства постојат пропусти и ако има пропусти дали се тие анализирани. Не би рекол дали треба некој да се казнува, меѓутоа анализите |би ни покажале и би не подучиле да доколку некоја друга болест многу поопасна по луѓето на пример вариола-вера се пренесе во Македонија за овој период мислам дека сите граѓани во Македонија ќе бидат оболени од таа болест. Алудирам на ефикасноста и молам претседателот да ме извести и да го извести Собранието дали смета дека е преземено се ј што било потребно.

Второто прашање е до Министерството за урбанизам. Господинот министер за финансии спомна дека многу кредитни линии од Запад ќе се реализираат во Македонија и тоа е добро. Меѓутоа, основен услов за реализирање на било каква инвестициона линија се локациите, просторот. Прашањето за г-динот министер за урбанизам е дали подготвува не кампањски,туку еден преглед, зборувам сега за градот

Скопје преглед на локации бидејќи тоа е во неговиот ресор и за индивидуална градба, станбена изградба и за стопански објекти од било кое стопанство не е важно тоа дали е големо, средно или мало или било какви објекти и да тие локации бидат дадени на 10 страници на "Нова Македонија" и да нашите стопанственици, луѓе кои сакаат да градот можат да конкурираат, односно по новиот закон кој го донесовме, да лицитираат за доделување на земјиште.

До Министерството за правосудство, го прашувам почитуваниот министер, кога го носевме законот за правосудство во еден од членовите беше констатирано дека со подзаконски акти ќе биде регулирано носењето и просторот кој треба да биде одреден за судници и како треба да биде опремен за да би тој претставувал институција која ќе биде достојна и за судиите и за оние кои ги судат. Прашањето е што министерот досега преземал во тој смер?

До Министерството за образование, до г-ѓата министерка во селото Лака, Бел Бунар и Крушопек општината Карпош додели локација за изградба на осумгодишно школо. Сите формалности околу доделувањето на локацијата се завршени. Како што сум информиран изнајден е и проект кој е од типските проекти за една таква училишна зграда. Моето прашање е постои нормално заинтересираност на граѓаните да инвестираат во таа училишна зграда. Моето прашање е сосема конкретно, дали Министерството за образование конкретно мисли да учествува со свои средства и кој е процентот на вложувањето на Министерството за образование за еден ваков објект и што смета доколку го познава случајот дали смета дека ќе може тој објект да започне со изградба бидејќи средства од граѓаните веќе се прибрани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате одговор во писмена форма, или усмено?

VIII/8.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Оставам на министрите да самите доколку се осеќаат подготвени да одговорат, може да одговорат, доколку не, да се подготват со своите помошници и писмено да бидам обавестен.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Точно е во врска со Законот за судовите беше кажано дека условите во кои работат судовите во Република Македонија се подстандардни и дека целокупната таа област, или таа трета власт е маргинализирана подолго време и дека во таа смисла не може да се надомести пропуштеното од целото тоа време. Меѓутоа, во изминатите година ипол насочени се средствата кон подобрувањето на условите и опремувањето на судовите во Република Македонија, па во таа смисла реновиран е комплетно судот во Тетово, отплатени се повеќе рати за нова зграда за судот во Кавадарци, интервенирано е во потсистемите било за парно затоплување или водовод или канализација во судовите во Битола и Прилеп. Исто така, е реновиран и комплетно опремен Врховниот суд на Република Македонија.

IX/1 ПЈ/ПН

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова Собрание наскоро се надевам многу наскоро ќе ја добие програмата за инвестиции од "правосудната област. Имено, на основа на судот, законот за судските такси и законот за прекршочните казни, постои можност кој што досега нормативно не беше искористена од користеше на 50% од средствата издвоени од тие два основи. Тие средства се, според Законот за судските такси веќе респективни и во оваа година изнесуваат некаде приближно 460 до 500 милиони денари, .индекс 100, што значи дека 50% од тие средства се 250 милиони денари. Проценката на Министерството за правда е врз база на изготвената програма за инвестиции во оваа област и таа програма е по 4 пат доставена до Владата, што значи 3 пати се убедувавме дека е неопходно да се усвои и да се пушти во процедура пред Собранието.

Второ, исто така се убедувавме повеќе пати дека законската обврска постои, а најмалку Владата е таа која што треба да ја игнорира. По 4 пат таа програма е од Министерството за правда веќе пуштена пред Владата и се надевам дека Владата ќе ја утврди. Во односната програма се опфатени инвестициите во областа на судскиот простор и во областа исто така многу запоставениот и под- стандарден простор на казнено - поправните домови. Со односните средства се прогнозира дека во рок од 5 години ќе биде квалитетно сменета ситуацијата со судскиот простор, судовите и опремата на судовите и битно изменета структурата на сместувањето, а тоа значи на издржувањето на казната затвор од страна на осудените лица во казнено- поправните домови. Тоа Министерството има направено во оваа 1,5 година, уште само едно известување дека после пауза од 1,5 година во градба на судската зграда расчистени се сите небулози околу судската зграда, формиран е нов надзорен орган од

претставници на јавното претпријатие, преземена е работата од страна на претпријатието "Бетон" и наскоро ќе се... стартува со тендери за одделни работи во продолжувањето на изградбата на судската зграда. На прво место ќе биде ставен во изградба ниската зграда. Планот е дека таа може конечно да биде завршена до март или април идната година, со што ќе се смести целосно во нови услови големиот судски суд Скопје II.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-дине сте задоволен од одговорот? (Да)

Г-ѓа Тодорова ќе одговори во писмена форма, а и за другите прашања ќе се одговори во писмена форма.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само да дополнам, бидејќи тука сум бил прашан за облеката. Мислам дека беше корисна информацијата што ја дадов, бидејќи е за поважна работа дадена и е дадена со теза пред вас за да добијам поддршка за програмата, која што е неопходно да стигне во Собранието. Имено, за токата или за судската облека работата е сосема на крај, формирана е на време Комисија, испитувани се различни варијанти. Во Комисијата учествуваат и претставници на Врховниот суд и од другите судови. Објавен е и тендер и веќе е на крај договорот и мислам дека до Нова година или од Нова година судиите ќе бидат облечени во службената свечена судиска облека.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитувани министри, две прашања до министерот за здравство.

Прво прашање колку лекари од јавните здравствени организации се упатени на специјализација во текот на последните 2 години и дали во програмата за упатување е земено предвид моменталната расположливост со кадри и критериумите и нормативите за здравствен кадар.

Второ прашање колку лекари по општа пракса се примени во јавното здравство во текот на последните 2 години и дали е водена сметка за расположливост на здравствена кадар во постојната здравствена мрежа, која ги опфаќа приватните и јавните здравствени организации.

Трето прашање како мисли Министерството, што ќе прави со вишокот, евентуално вишок на лекари кој што би се појавил после примената на овие критериуми и нормативи за здравствен кадар и дали подеднаков третман ќе имаат вишокот на лекари во јавниот и во приватниот сектор. Со оглед на карактерот на прашањата мислам дека би дошол еден писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине претседателе, господа министри, јас имам само едно прашање, всушност две прашања за министерката за образование.

Кога и дали воопшто се планира изградба на фискултурна сала во основното училиште "Борис Кидрич" за кое веќе 3 години има проект. Се знае дека во училиштето "Борис Кидрич" учат над 1.500 ученици.

Училиштето е во урбана средина до која поминува многу фреквентен пат, а згора на тоа обиколена со згради, која што најнепосредно ги загрозува учениците, со оглед на тоа дека тие немаат каде да ја одвиваат наставната програма, а ја одвиваат надвор од овој предмет.

Втора работа кога и дали ќе почне со изградба зградата на гимназијата "Зефљуш Марку" во која учат над 1.500 ученици. Сега наставата се одвива во 3 различни центри. Се користат простории наменети сосема за друга работа, подрумски простории. Пред некое време е доделена локација од страна на Министерството за урбанизам, па би молел за овие две прашања ако може сега, ако не писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Софија Тодорова.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

За првото прашање ќе добиете писмен одговор, а за второто прашање во врска со изградбата, односно доградбата на гимназијата "Зефљуш Марку" би одговорила сега. Факт е дека таму има потреба да се изврши инвестициона интервенција меѓутоа, како и самите кажавте иако постоеше поинакво видување на работите, јас се обидов да видам до каде е постапката во изведувањето на потребната документација, дури сега е обезбедена потребната документација од Министерството за финансии и Министерството за урбанизам. Сега веќе сме во постојана консултација со директорот за распишување на тендер за изготвување на проект. Сметаме дека е добро ако проектот се исфинансира оваа

година, за наредната година односно од средствата од наредната буџетска година да се реализира тој инвестиционен зафат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Сулејмани, дали сте задоволен од одговорот? (Да)

За збор се јави г-динот Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, драги пратеници, јас имам две прашања. Едното е до Министерството за сообраќај и врски, а другото е до Министерството за образование.

Првото прашање е дали и кога се планира да се електрифицира железничката пруга Титов Велес - Битола. Ова прашање го поставувам бидејќи од Битола кон Скопје секојдневно од 200 до 300 патници патуваат во 2 часот на сабајле, кој што треба да стигнат во Скопје во 7 или 8 часот. А возот се повеќе станува користен како превозно средство.

Второто прашање до Министерството за образование. До кога ќе се реновираат и градат училишта во периферијата на битолска општина каде има 5 до 10 ученици, а ќе пропаѓаат училиштата во срцето на Пелагонија каде има од 200 до 300 ученици. Примерот Логоварди, Оптичари и други.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате да ви се одговори во писмена форма?

(Во писмена форма)

Г-дин Видимче.

IX/6

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас на почетокот би потсетил по 6 или 7 пат дека сеуште не ми е одговорено на пратеничкото, прашање поставено во мај месец 1995 година, што значи веќе има оттогаш 14 месеци.

Второ, би потсетил дека се уште не ми одговорено на пратеничкото прашање во врска со патниот правец Велес - Прилеп преку Бабуна, односно прашањето на кое барав да ми се дефинира начинот на градбата, инвестирањето, динамиката и едноставно прашањето на изградбата на патот, така што и ние како пратеници од тој крај да можеме јасно да кажеме кога и како ќе биде завршен. Да потсетам на тоа дека сеуште не ми е доодговрено на поставеното прашање во однос на средствата наменети за штетите од земјотресот. Имено јас имам поставено прашање на таа тема, а добив одговор од кој воопшто не сум задоволен и влеговме во одредени полемики со г-динот министер, но тогаш тој вети дека ќе добијам дополнување, но за жал сеуште го немам. Тоа е само за потсетување дека сеуште ги немам добиено одговорите. Следните пратенички прашања би сакал да ги поставам до Владата и се разбира по можност да добијам одговор за нив.

Прво, ме интересира дали се има преглед за следните работи. Во последните 3 години колкав е бројот на иселениците од РМ. Се мисли на оние кои го најавиле ова свое заминување од земјата, како и согледување на Владата на бројот на оние кои по нивни согледување ненајавено заминале, а и се иселиле веќе од Македонија. Оваа информација јас сакам да биде ставена во преглед по можност да се одржи старосна структура на иселениците, национална структура, образование и распоред на иселениците по општините.

Ме интересира дали Владата го има согледано овој проблем и дали на оваа тема е расправано и што заклучила? Имено, свесни сме за

фактот дека во се поголем обем посебно младите луѓе заминуваат до нашата држава, а ќе потенцирам и луѓе со добро образование во кој нашата држава инвестирала. За жал, тие средства, тие инвестиции кои што ние сме ги инвестирале заеднички во тие луѓе им ги поклонуваме на некои други и трети земји без желба и трудење да успееме и да се обидеме или тие луѓе да ги задржиме кај нас.

Ме интересира од кои извори Владата ги доби податоците за невработеноста кои се наведени во информацијата, која по барањето на г-динот Коцевски требаше да ја разгледуваме на ова Собрание, но не се усвои. Имено се работи за следното. Ми е жал што ќе мора да потенцирам некои бројки, односно не бројки туку едноставно анализи кои и другите пратеници требаше да ги видат и да гласаат оваа анализа да ја разгледуваме. Во таа анализа стои дека во градовите Битола, Демир Хисар, Кавадарци, Охрид, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип од 1994 год. до 1995 година нема ниедно невработено лице плус. Бројките за 1994 и 1995 година се идентични. Мислам дека ова е апсурдна ситуација и дека нема теорија тоа да биде точно уште повеќе јас располагам со податоци исто така од државна институција во која за невработеноста на ниво на јануари 1995 односно крајот на 1994 година имам бројка од 12.250 невработени, додека во информацијата стои бројката од 10.700 за 1994 година декември. И за 1995 година декември во информацијата стои пак истата бројка 10.700, а јас имам информација пак ќе повторам од државна институција за 14.757 лица невработени. Тоа е од активна картотека, а од пасивна 16.540. Значи, се работи за разидување на бројот на податоците, не во бројки, туку во проценти од 40 до 60% разидување во податоците. Според тоа, ме интересира Владата од кои информации, од кои извори ги црпела информациите кои ни ги достави во таа информација, односно бројките и каква е

веродостојноста на овие бројки.

Трето прашање кое што сакав да го поставам односно потпрашања односно повеќе потпрашања се следните: Во врска со се повеќе поголемиот задолжување на РМ и се позачестените предлози на закони за накнадни задолжувања ме интересира следното. Барам Владата да изготви преглед во кои ќе може да се види колку должи РМ во овој момент.

Второ, колкав процент од земените средства по основ на кредити се употребени за така да речам доходовни инвестирања, односно се потрошени пари таму каде што утре и други ден ќе очекуваме враќање пари и колкав процент од тие средства е потрошен за дневни потреби, односно што би рекол народот за јадење.

Потоа, барам Владата да изготви табела во која ќе може да се види што не чека нас и нашите деца во годините кои доаѓаат односно според досегашните сознанија, не земајќи ги предвид новите задолженија кој допрва ќе доаѓаат за наредните 15-20 години колку пари ќе мора РМ да враќа секоја година, и дали Владата има во предвид извори од кои ќе се враќаат овие долгови.

И на крајот, следното прашање кое што сакам да го поставам се однесува на железничката пруга која постои во Битола и која не е слепо црево, а која е моментално слепо црево. Имено, таа железничка пруга имаше излез спрема Грција, за жал, тоа повеќе години е прекинато и ме интересира дали Владата има согледувања дали некогаш железничката линија према Грција ќе проработи и дали Битола како железнички центар од стари времиња ќе си го врати својот сјај и ќе влезе во некои проекти за Македонија во смисла на транзитен центар во железнички сообраќај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате одговор во писмена или усмена форма?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас ви кажав по можност барам во усмена форма, а доколку не се во можност да дадат усмено, добро е да дадат и во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има некои од министрите во врска со овие прашања.

Г-дин Трпевски.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

За најголемиот дел од прашањата што се поставени, се поставени во форма каде што мора писмено да се образложи. Инаку, во делот на самите прашања се сугерираше така се поставувани како да с сугерира одговор и можам да ви кажам за дел од долговите ќе ви доставиме преглед. Меѓутоа, можам со сигурност да ве уверам дека оваа Влада ја има повеќе раздолжено Македонија отколку што е задолжена. За другите прашања ќе ви се одговори писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, ќе добиете одговор во писмена форма.

За збор се јави г-дин Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас жалам што мојата дискусија беше погрешно сфатена. Во ни еден момент јас тенденциозно ништо не кажувам, нити сугерирам

некакви заклучоци, едноставно најчесто изнесувам факти и тоа што факт е дека се повеќе се задолжуваме. Сигурно не е моја кривица што уште повеќе при донесувањето на буџетот за 1996 година во ана- лизите кои ни ги имаа дадено заедно со буџетот се гледаше дека процентот на средства кои доаѓаат во буџетот на основа на странски кредити се зголемува од 1994, 1995, па 1996 година, а процентот кој се дава за раздолжување се намалува. Јас уште тогаш го поставив тоа прашање на Комисијата, мислам тогаш не беше г-динот министер сеуште, туку беше друг министер. На тогашниот министер го поставив тоа прашаше и бев убедуван дека тоа не е така, но јас сум убеден во друго дека колку и да се задолжуваме, кога тогаш ќе ни тропнат на врата и ќе ни ги бараат парите назад, ако не на нас, на нашите деца. Жалам дека некој ги сфаќа прашањата тенденциозно, а поставени с со желба некои работи да се разрешат во заеднички интерес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Јас ќе поставам само едно прашање до министерот за развој.

Во последно време во печатот може да се сретнат написи за одредени полемики за изградба на централи на атомски погон за производство на електрична енергија во Републиката.

Ме интересира дали е размислувано за ваков вид на алтернативна енергија во државата, значи надградба на атомски централна и дали во тие анализи се земени сите релевантни фактори околу опасноста за изградба на вакви централи во државата.

**АБДУНЕМАФ БЕЏЕТИ:**

Навистина во последно време во јавноста се јавуваат некакви интерпретации во однос на изградбата на алтернативните можности за добивање на енергија. Меѓутоа, ние во Владата немаме изградено некој став во однос на тоа, а во однос на макроекономската политика децидно е кажано за 1996 година целите и задачите на развојот, меѓу другото и за енергетиката и добивањето на електрична енергија. Цениме дека кај нас структурата на добивањето на електричната енергија е несоодветно поволна, бидејќи претежно се добива од термоелектраните отколку од хидроелетраните. Во иднина треба да правиме напори оваа пропорција да ја подобруваме во однос на добивање на електрична енергија во однос на термоелектраните, а во однос на другите можни извори на енергии немаме нешто посебно остварено.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас би сакал ако може писмено да ми се одговори, малку пошироко од аспект што очигледно Министерството за развој веројатно треба да

направи една опсежна анализа за ресурсите со кој располага државата и времетраењето на тие ресурси врз база на тоа да направи некакво согледување за развојот на оваа област.

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Прашањето до господинот Бузлевски, министер за сообраќај. До кога во Република Македонија ќе летаме со постарите и несигурни авиони изнајмени од разни источно - европски земји, а кои според статистиките се најнесигурни.

Од лични контакти со колеги од други источно - европски парламенти имаме сознание дека во некои од овие земји овие авиони не се во употреба, но затоа летаат сеуште во нашите мини компании. Барам писмен одговор.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, имам четири прашања што сакам да ги поставам.

Првото прашање е за министерот за образование и физичка култура.

Скоро пред 20 години е отопочната изградба на спортска сала во Виница и вложени се некаде 500.000 ДМ. Таа е на ниво на отворени трибини и почнува процесот на пропаѓање.

Ние пред извесно време, пред некој месец на референдум усвоивме одлука да издвои градот средства за да се продолжи изградбата на спортската сала меѓутоа сами не ќе можеме тоа да го направиме. Затоа ја прашувам министерката дали сега или во наредната година или кога ќе не планираат за заеднички сили, со наш самопридонес и тоа што е изградено и со помош на државата да ја довршиме спортската сала.

Второто прашање е упатено до министерот за здравство.

Ние со стопанските организации на Виница изградивме зграда за бања во село Истибања. Таму имало бања уште од турско, познато наоѓалиште има извор кој така тече, има зграда и здравството си зема обврска дека внатре ќе ја опремат со одредена опрема и дека ќе му служи на тоа население бидејќи тоа се наоѓа меѓу четири општини: Кочани, Виница, Берово, Делчево, дека е доста добра, издашна вода, како што реков зграда има. Сега треба да се почне со опрема, бидејќи во здравството се земени анализите и се држат таму, а не се почнува. Затоа го прашувам министерот кога ќе почнеме со таа работа.

Третото прашање е упатено до министерот за култура.

Виница има икони со кои се пофаливме скоро во цел свет, одеа по доста држави и се правеа доста атрактивни изложби. Меѓутоа, Виница не може да се пофали самата, има неколку збирки на такви икони и заслужува Виница да има една постојана изложба на такви икони во Виница. Така стојат веројатно тие во Скопје, па и кај нас имаме. Имаме ние простори, имаме можности за една пристојна изложба што ќе се направи и кога ќе дојдат некои во Виница можеме да им ја покажеме а не само тоа да се прави во странство. Мислам дека тоа е изводливо бидејќи се постои и простор, таракотни икони и сето тоа, можеме да го организираме, па го прашувам министерот кога тоа ќе го реализираме.

Четвртото прашање е за министерот за развој.

Ме потсети дискусијата на министерот за развој дека имаме лоша структура на извори на енергија. Да го потсетам дека Виница има направено два проекти и тоа главни проекти се, изведбени проекти за две мали хидроелектрани на две издашни води во Виница.

Прашувам дали барем едната во неговиот период ќе дојде на ред да се отопочне со градба.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Таракотните икони од Виница што беа датирани прво од V и VI век сега се датирани IV и V век, се сместени во Музејот на Македонија и многу често се на разни изложби надвор од Републиката.

Досега немало иницијативи во Виница да се развие збирка или некаков сличен изложбен простор. Очекувам во најскоро време да ја посетам Виница како што се договаравме и во таа прилика можеме да поразговараме и за оваа иницијатива.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

За спортската сала во Виница што имав прилика да ја видам навистина ме радува што еве со самопридонес ќе продолжи нејзината градба.

Јас би ве известила дека во рамките на буџетските средства за 1996 година таа не е предвидена како објект кој може да се финансира оваа година. Останува да се види дали ќе има финансиски простор за наредната година. Приоритет од нашето министерство сепак даваме за. изградба на фискултурните сали за училиштата, доколку има средства, а тоа е веќе спортска сала на градот со трибини и ги надминува овие димензии што се стандардни за училиштата. Значи ќе треба да се види од буџетската 1997 година.

**АБДУМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Јас кога го изнесов пред малку изворот за добивање на електричната енергија, токму ова го имав предвид, но не кажав податоци. Ние во државата околу 2/3 имаме производство на електрична енергија од термоелектрани а 1/3 од тоа производство од хидроелектрани.

Се знае со што се проследува едниот вид на извоз со што другиот и во однос на височината на цената и во однос на еколошките проблеми. Интенција е и на оваа влада да го зголеми изворот на производството од хидроелектрани. Минатата година Владата со посебна програма утврдила кои се тие инвестициони објекти со посебно инвестиционо значење што треба да се финансираат и во текот на 1996 година и во подолг период.

ВО текот на овој период се прават посебни разгледувања во делот на реализација на програмата за реализираните инвестиции во јавниот сектор и согледувања за дополнувања на таа програма во однос на развојот во 1999 година. Скоро во Влада ќе излеземе со посебен предлог, во која програма се наброени и кои капитални објекти се во одреден приоритет кои се предвидени и во енергетиката и во патната мрежа и во сите други инвестиции кои имаат капитално значење. Во секој случај тогаш ќе го имаме предвид и укажувањето на пратеникот хидроелектраните во Виница, покрај другите објекти.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Во Републичкиот завод за здравствена заштита при крај е елаборатот бањското летувалиште, меѓутоа постои уште една дилема, со оглед на тоа што сите поранешни бенефиции кои доаѓаа преку Фондот за здравствено осигурување сега ќе бидат се помалку и помалку. На размислување сме таа бања да ја дадеме под концесија, додека опремата ќе ја обезбеди Фондот за здравствено осигурување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Пецов дали сте задоволни од одговорите.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Задоволен сум.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа,

Веројатно се сеќавате, претседателот на Владата господинот Црвенковски, при крајот на месец јули минатата година на една од прес конференциите објави така наречена војна на организираниот криминал и криминалот во Република Македонија и го најави донесувањето на Програма на Владата за борба против организираниот криминал и другите девијантни појави.

Прашувам дали до денес Владата на Република Македонија ја има донесена таа програма, кој во Владата е задолжен како носите. на тој проект за реализирање и притоа ја исклучувам можноста дека под програма се третираат оние материјали што мината година ова време беа изработени во Владата инспирирани од Конференцијата на ОН за борба против организираниот криминал, затоа што мислам дека за Македонија се потребни сосема поинакви конкретни програми, со конкретни мерки и решенија, рокови и носители, затоа што е повеќе од евидентно дека од минатата година до денес многу повеќе е влошен; безбедноста состојба, како животот така и имотната сигурност на граѓаните на Република Македонија.

Доколку имате информации ве молам усмено да ми одговорите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор, во писмена форма.

Дали има уште некој пратеник кој сака да постави пратенички прашање? (Нема)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,50 часот)

Продолжуваме утре во 10,00 часот.